| **Цели** - Планирање и реализација на повеќе вонннаставни активности, размена на ученички искуства со Еразмус програмата во соработка со Република Бугарија и други земји вклучени во проектот, соработка со родителите, додатна и дополнителна настава се со цел намалување на изостаноците и подобрување на редовноста на учениците<br>**Очекувани исходи**- Намалување на изостаноците и подобрување на редовноста на учениците, континуирано учење, желба за натпревар во знаење и постигнување на подобри успеси<br>**Задачи -** Подобрување на успехот кај учениците, поголема мотивираност, можност за индивидуален пристап во работата со учениците, постигнување подобри резултати | | | | | |
| **активности**<br><br>Редовно посетување на одржување на додатна и дополнителна настава | **Индикатори за успех**<br><br>Зголемен интерес на учениците за стекнување нови знаења, освојување награди, како и желба за | **Носители на активности**<br><br>Наставници, ученици | **Временска рамка на имплементација** | **Ресурси**<br><br>Училиштето како финансиски ресурс, | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| и зголемување на мотивираноста кај учениците за посетување на овој вид настава<br>- размена на ученички искуства со Еразмус програмата | постигнување подобри резултати кај послабите ученици | | во текот на целата учебна година | Наставнициученици, директор, педагошко-психолошка служба | стручна служба, наставници |
| **Приоритетно подрачје на промени** | **Учење и настава** | | | | |
| **Цели -** Воспоставување на поголема заемна соработка на ниво на стручни активи, унапредување на наставата преку подобра комуникација помеѓу наставниците и нивно професионално усовршување како и размена на искуства со Еразмус програмата во соработка со колеги од Република Бугарија и други земји вклучени во проектот.<br>**Очекувани резултати -** Подобрување на успехот кај учениците, зголемување на интересот за настава, намалување на бројот на неоправдани изостаноци преку реализирање на интересни часови<br>**Задачи -** Подобрување на успехот кај учениците, поголема мотивираност, примена на нови техники, методи и пристапи во реализација на наставата | | | | | |
| **Активности**<br><br>- реализација на нагледни часови<br>- консултации при изработка на планирања на стручен актив<br>- подготовка на планирањата на наставниците и нивно следење во текот на учебната година<br>- размена на искуства со Еразмус програмата | **Индикатори за успех**<br><br>Поголема вклученост на учениците во стекнување нови знаења, желба за стекнување нови знаења | **Носители на активностите**<br><br>Наставници, ученици, директор, акредитиран провајдер | **Временска рамка за имплементасија**<br><br>Во текот на целата учебна година | **Ресурси**<br><br>Училиштето како финансискои ресурс, наставници, ученици, директор, педагошко-психолошка служба, акредитиран провајдер, советници | **Тим за следење на реализацијата на активностите**<br><br>Директор, стручна служба и наставници |
| **Приоритетно подрачје на промени** | **Подршка на учениците** | | | | |
| **Цели:**Подобрување на постигањата на учениците од социјално – загрозени и нефункционални семејства**.** Учество на учениците во СУА , натпревари од различен карактер и промоција на нивните постигања во јавноста | | | | | |

**Очекувани исходи:** Поголема мотивираност за учење, подобра адаптација и престој на овие ученици во училиштето
- Учество на учениците во воннаставни активности,ослободување пред јавен настап , стекнување самодоверба, дружење

**Задачи:** Подобрување на успехот кај учениците од загрозени семејства, поголема мотивираност, зголемен интерес за учество на натпревари и СУА

| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка на имплементација** | **Ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
|---|---|---|---|---|---|
| Поголема соработка со социјално – загрозени и нефункционални семејстава со влучување на наставници, педагошко-психолошка служба и директор, редовно одржување СУА за мотивирање на учениците и промоција на резултатите како понатамошен стимул за учество и постигнување поголеми резултати | Зголемена соработка со родителите од социјално загрозените и нефункционални семјества, подобрување на успехот кај тие ученици кои потекнуваат од такви семејства, зголемен интерес за учество на натпревари и постигнување резултати, развивање натпреварувачки дух, афирмирање на постигнатите резултати | Наставници, ученици, директор, педагошко-психолошка служба, родители, медиуми | Во текот на целата учебна година | Училиштето како финансиски ресурс, наставници, ученици, директор, педагошко-психолошка служба, родители, медиуми | Директор, стручна служба, одговорни наставници |

| **Приоритетно подрачје на промени** | **Училишна клима и односи во училиштето** |
|---|---|

**Цели** – Користење на различни начини на информирање на родителите и јавноста за активностите кои се реализираат во училиштето се со цел унапредување на соработката помеѓу родителите, наставниците и училиштето
- Развивање стратегија за подобрување на соработката со деловната заедница
- Родителите учествуваат во разрешување на проблемски ситуации во училиштето
- Родителскиот совет го подржува училиштето со стручна помош
- Обезбедување материјални средства за унапредување на условите и реализацијата на ВОР

**Задачи** - Подобрување на успехот кај учениците, обезбедување техничка подршка, материјална и човечка од страна на деловната заедница

| **Активости** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **ресурси** | **Тим за следење за реализацијата на активностите** |
|---|---|---|---|---|---|
| Поголема вклученост на родителите во училишните активности, преку физичко присусутво и поддршка, Поголемо | Зголемена соработка со родителите, подобрување на успехот учениците, можност за практична настава преку | Наставници, ученици, директор, педагошко-психолошка служба, родители, медиуми, деловна заедница | Во текот на целата учебна година | Училиштето како финансиски ресурс, наставници, ученици, директор, педагошко-психолошка служба, | Директор, училиштен одбор, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| учество на бизнис секторот во финансирањето на училишните проекти за подобрување на наставата. | вклучување на деловната заедница | | | родители, медиуми, деловна заедница | комисија за јавна набавка |
| **Приоритетно подрачје на промени** | **Ресурси** | | | | |
| **Цели** - Обезбедување на соодветен простор за работа по нови стандарди во училишната библиотека и нови лектирни изданија по нова програма, набавка на клупи и столови во централното училиште и во подрачно училиште с.Амзибегово, набавка на компјутерска опрема и клима уреди во централното училиште, поставување на фотоволтаици во централното училиште.<br><br>**Очекувани исходи** – Подобрување на условите и безбедност за реализација на наставата, побезбедна и пријатна средина за учење, поучување и престој на учениците<br><br>**Задачи** -Попријатен престој во училиштето и желба за учење на учениците, искористување на новата компјутерска техника за нови истаражувања и збогатување на знаењата за некои видови настава, поголем број на ученици во нашето училиште. | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активности** | **Временска рамка за имплементација** | **Ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| - Делумна обнова на библиотеката во централното училиште со нови шкафови<br>-обезбедување компјутерска опрема за реализација на наставата<br>-Реконструкција на цоклињата во централното училиште<br>-поставување на фотоволтаици во централното училиште. | Зголемен интерес за престој во училиштето, зголемен интерес за користење на лектирниот фонд за читање на учениците , зголемен интерс за наставата по физичко образование како и за настава | Наставници, ученици, директор, педагошко-психолошка служба, родители, деловна заедница, локална самоуправа и градоначалник | Во текот на првото полугодие | Училиштето како финансиски ресурс,<br>Наставници, ученици, директор, педагошко-психолошка служба, родители,локално население | Директор, училишен одбор, комисија за јавна набавка |

## Акциски план

| ***Приоритети*** | ***Задачи*** | ***Активности*** | ***Време на реализација*** | ***Одговорни лица*** |
|---|---|---|---|---|
| ***1.Набавка на компјутерска опрема за училиштето*** | Подобрување на условите за работа, мотивирање на наставниците и учениците | Детектирање на постоечката состојба. Изработка на потребна документација. | Август - декември 2026год . | Комисија за јавни набавки |
| ***2.Набавка и инсталација на клима уреди*** | Подобрување на безбедноста и условите за работа | Детектирање на постоечката состојба. Изработка на потребна документација. | Август - декември 2026 год.. | Комисија за јавни набавки |
| ***3. Инсталација на фотоволтаици во централнопто училиште со буџет на Општина Св.Николе*** | Подобрување на условите за работа | Подобрување на условите за работа | Август - Март 2026 - 2027год | Комисија за јавни набавки на Општина Св.Николе |
| ***4. Набавка на клупи и столови во централното ичилиште*** | Подобрување на безбедноста и условите за работа, мотивирање на наставниците и учениците | Детектирање на постоечката состојба. Изработка на потребна документација. | Јануари - Јули 2026- 2027 год. | Комисија за јавни набавки |
| ***5 . замена на останатиот дњел од вратите во централното училиште*** | Подобрување на безбедноста и условите за работа | Детектирање на постоечката состојба. Изработка на потребна документација. | Август - 2027 год. | Комисија за јавни набавки |
| ***6.Реновирање на дел од цоклињата во централнито училиште*** | Подобрување на безбедноста и условите за работа | Детектирање на постоечката состојба. Изработка на потребна документација. | Јули 2027 год. | Комисија за јавни набавки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***7.Реновирање на 2 училинилници во централното училиште*** | Подобрување на условите за работа | Детектирање на постоечката состојба. Изработка на потребна документација. Барање на донатори | Јули 2027 год | Комисија за јавни набавки |

### 7.1. План за евалуација на акциските планови

Во колкава мера се спроведува акциониот план, колку истиот се остварува и колку добро се остварува, се оценува со следењето или формативната евалуација за да може да се преземат корективни активности штом ќе биде неопходно. Процедурите за следењето вклучуваат: состаноци на кои се разговара за напредокот во однос на критериумите на успех, се нагласуваат тешкотиите, се предлагаат мерки за решавање проблеми, со неформали дискусии или формални разговори со учесниците од училиштето за да се добијат повратни информации за активностите, доцнењата, одложувањата, потребните ресурси и почитувањето на роковите и сл.

- **Одговорни за следење** - директор, стручни соработници, претседатели на активи, претставници од совет на родители, училиштен одбор и ученици;
- **Критериуми за успех** - Подобрени услови и безбедност за реализација на наставата како во централното, така и во подрачните училишта, поголема мотивираност како на наставниците така и на учениците за реализација на часовите, поквалитетна и современа настава прилагодена според потребите на сите ученици и според барањата на новата Концепција во образованието, соодветно обучени наставници за работа со најнова технологија кои успешно ќе одговорат на предизвиците на современата настава, реализација на настава со разновидни нагледни и наставни средства, зајакнување на демократската клима во училиштата и подготвени ученици и наставници за евакуација во случај на елементарна непогода.
- **Инструменти** - Како инструменти за евалуација на акционите планови ќе се користат: набљудување и следење на воспитно-образовниот процес и наставата, извештаи, записници, спроведени анализи, интервјуа итн.
- **Индикатори за успешност** – Подобри материјално - технички услови за настава, подобар успех на учениците, ученици кои активно се вклучени во наставата, подобри резултати на наставниците и учениците, професионален развој на вработените, поголема мотивација и интерес на учениците, современа настава со вклучени нагледни и наставни средства и промовирање на граѓанските вредности на ниво на училиште.
- **Повратна информација** – откако ќе се реализира одредена задача, односно активност, одговорното лице треба да изготви краток извештај за тоа кои се постигнувањата, како тоа влијае на мотивираноста на учениците, дали има напредок и во кој сегмент е напредокот.

# 8. ПРОГРАМИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## 8.1. Календар за организација на работата во основното училиште

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во основните училишта согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно образовна дејност и ученички одмор за учебната 2026/2027.

Учебната година во основните училишта почнува на 1 септември 2026 година, а завршува на 31 август 2027.

Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие. Првото полугодие започнува на 1 септември 2026 година, а завршува на 30 декември 2026 година. Второто полугодие започнува на 21 јануари 2027 година, а завршува на 10 јуни 2027 година.

Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор. Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2026 година, а завршува на 20 јануари 2027 година. Летниот одмор започнува на 11 јуни 2027 година, а завршува на 31 август 2027 година.

Основните училишта од 11 до 18 јуни 2027 година, за учениците кои имаат една или две слаби оцени или биле неоценети по било која основа се организира дополнителна настава, се реализираат поправни и одделенски испити, додека од 16 до 20 август 2027 година, во училиштето се организира подготвителна настава, помош, консултации за учениците кои треба да полагаат поправни и одделенски испити и истите се спроведуваат.

Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела.

Наставата се реализира во 180 наставни денови.

Во деновите кога се изведуваат ученичките екскурзии, се одбележува Денот на дрвото, Патрониот празник на училиштето (23 декември) итн. се денови кога се изведуваат посебни програми и се реализираат различни активности и културно-забавни манифестации. Овие денови се работни, но ненаставни.

Календар за работа на училиштето за учебната 2026/2027 година

| 2026 | I полугодие | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| месец | **септември** | | | | | **октомври** | | | | | **ноември** | | | | | **декември** | | | | | Вк. |
| седмица | *1* | *2* | *3* | *4* | *5* | *5* | *6* | *7* | *8* | *9* | *10* | *11* | *12* | *13* | *14* | *14* | *15* | *16* | *17* | 18 | |
| понеделник | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 16 |
| вторник | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 16 |
| среда | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 18 |
| четврток | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 3 | 10 | 17 | 24 | | 17 |
| петок | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 4 | 11 | 18 | 25 | | 16 |
| вкупно денови | 21 | | | | | 20 | | | | | 21 | | | | 21 | | | | | | **83** |

| 2027 | II полугодие | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| месец | **јануари** | | **февруари** | | | | **март** | | | | | **април** | | | | | **мај** | | | | | **јуни** | | Вк. |
| седмица | *19* | *20* | *21* | *22* | *23* | *24* | *25* | *26* | *27* | *28* | *29* | *29* | *30* | *31* | *32* | *33* | *34* | *35* | *36* | *37* | *38* | *38* | *39* | |
| понеделник | | 25 | 1 | 8 | 15 | 22 | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 18 |
| вторник | | 26 | 2 | 9 | 16 | 23 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 19 |
| среда | | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 20 |
| четврток | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 3 | 10 | 21 |
| петок | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 7 | 14 | 21 | 28 | | 4 | | 19 |
| вкупно денови | 7 | | 20 | | | | 22 | | | | | 21 | | | | | 19 | | | | | 8 | | **97** |

## 8.2. Поделба на одделенско раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

| Одделение/паралелка | Одделенски раководител |
|---|---|
| I | Благица Михајлова |
| II | |
| III | |
| IV | Слаѓана Маџова |
| V | Гордана Апостолова |
| VI¹ | Никола Давков |
| VI² | Александра Спасова |
| VII¹ | Катерина Алексова Наумова |
| VII² | Елена Китанова Ѓошевска |
| VIII | Маја Давкова |
| IX | Катерина Димковска |
| IV (ПУ с.Амзабегово) | Билјана Мишева |

Податоците за одделенските раководители во подрачните училишта се дадени во табелите под точка 8.6. која се однесува на комбинираните паралелки.

## 8.3. Работа во смени

Основното општинско училиште “Даме Груев” работи во една (прва) смена. Првиот час започнува во 7.30, а последниот (седмиот) час завршува во 12.55 часот.

### 8.4. Јазик/јазици на кој/и се изведува наставата

| | Македонски јазик | Албански јазик | Турски јазик | Српски јазик | Босански јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на паралелки | 18 | | | | |
| Број на ученици | 165 | | | | |
| Број на наставници | 29 | | | | |

### 8.5. Проширена програма

Како што на сите ни е познато, со измените на Законот за основно образование во 2025/26 год. и посебно со процесот на оптимизација на училиштата, се стави акцент на проширената програма во училиштата и како никогаш досега се актуелизира прашањето за проширената програма во училиштата.

Оваа учебна година беа направени повеќе работни средби, панел дискусии обуки итн. со претставници од МОН кои ја презентираа можноста за проширена програма во училиштата и како таа би изгледала во пракса, посебно во мали рурални училишта со едносменско работење како што е нашето, во чиј склоп работат и повеќе подрачни училишта.

Проширената програма на училиштето, опфаќа широк спектар на активности надвор од редовниот наставен процес и се однесува на организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување и еден час по завршување на редовната настава, понатаму, продолжен престој на учениците во училиштето, додатна, дополнителна настава, воннаставните активности и вонучилишните активности како што се секции, клубови, екскурзии и други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма.

Досега во нашето училиште проширената програма се реализираше на овој начин,преку дополнителни активности, воннаставни активности, клубови, секции, активности на ученичкиот парламент итн.

Училиштето многу години station наназад немало услови за организирање на дневен престој, бидејќи постоечката кујна и трапезарија се одамна затворени и пренаменети за училници и канцеларии. Реално досега училиштето и немало потреба од дневен престој бидејќи и анкетата со родителите по ова прашање низ годините ни покажала дека не постои интерес кај родителите за дневен престој.

Со новите измени од законот понудено е на нашето училиште да биде пилот училиште со проширена програма, каде учениците ќе имаат обврска да престојуваат уште два часа во училиште и притоа треба да им се обезбеди храна и пивка вода за пиење, бидејќи водоводот во с.Ерџелија има техничка вода која не е препорачлива за пиење. Една од опциите е храната да се доставува со кетеринг бидејќи нема услови за отварање на кујна.

Министерството за оваа пилот програма предвидува 10.000 евра за училиштето кое ќе влезе во програмата и истите може да се употребат за набавка на инвентар и слично.

Имајќи в предвид дека програмата се изработува порано, сега засега училиштето нема можност да ја реализира оваа програма, но доколку во училиштето се создадат услови и се прифати пилот програмата во септември, тогаш во учебната 2026/27 год. ќе се реализира проширена програма според горенаведеното.

Учениците ќе престојуваат во училиштето до 15 часот, за што ќе биде потребно да се реорганизира и превозот, тука ќе пишуваат домашни работи, ќе имаат дополнителни активности.

Што се однесува пак до ученичката организација, ученичкиот парламент, учениците во месец септември ќе се состанат и ќе се конституира новиот ученички парламент. Раководството ќе се избира по пат на тајно гласање, а потоа учениците се договораат за идните активности и ја изработуваат нивната годишна програма за тековната 2026/27 учебна година.

Овие активности опфаќаат разни сегменти од ученичкиот живот и ученичките интереси и имаат едукативен или хуманитарен карактер.

## 8.6. Комбинирани паралелки

Во ООУ “Даме Груев” во централното и подрачните училишта постојат комбинирани паралелки. Во табеларниот приказ во продолжение е даден преглед на бројот на комбинирани паралелки, наставниците кои ја реализираат наставата, како и бројот на ученици кои се опфатени во комбинираните паралелки.

| Училиште | паралелка | одделенија | наставник | број на ученици |
|---|---|---|---|---|
| ПУ с.Амзабегово | 1 | I, II | Биљана Бојковска | 7 |
| | 1 | III, V | Благица Станојков | 6 |
| ПУ с.Мустафино | 1 | II, III, IV, V | | 7 |
| ПУ с. Пеширово | 1 | I, III | Билјана Трајчевска | 8 |
| | 1 | II, IV | | 4 |
| ПУ с.Кадрифаково | 1 | I, II, IV, V | | 4 |
| Вкупно | 8 | I-V | / | 36 |

## 8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Во ООУ “Даме Груев” како прв странски јазик кој се изучува во сите одделенија од I-IX е англискиот јазик, што го изучуваат вкупно 165 ученици, распоредени во 18 паралелки (11 чисти и 7 комбинирани).

Втор странски јазик наменет за учениците од VI-IX одделение е германскиот јазик, кој го изучуваат вкупно 86 ученици, распоредени во 6 паралелки.

## 8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Тандем наставата по физичко и здравствено образование во одделенска настава се реализира во сите паралелки (чисти и комбинирани), каде освен одделенскиот наставник, влегува и предметен наставник. Во наредната 2026/2027 година, реализацијата на тандем наставата, ќе биде со одделенските наставници Благица Михајлова, Гордана Апостолова, Слаѓана Маџова, Благица Станојков, Биљана Бојковска, Билјана Мишева, Билјана Трајчевска и предметните наставници по физичко и здравствено образование – Александра Спасова и Јорданче Спасов.

## 8.9 Изборна настава

Во сите одделенија од прво до деветто, се реализира изборна настава. Во првиот период се реализира како слободни (игровни) активности, додека во вториот и третиот период се реализираат по два различни изборни предмети во двете полугодија. Во месец април, преку анкета се испитува заинтересираноста на учениците по области, додека во месец јуни се спроведе поконкретна анкета со понудени по два изборни предмети, во четири категории, согласно заинтересираноста на учениците, но и ресурсите со кои располага училиштето. За прв пат годинава се започна со електронска анкета за изборни предмети, при што родителот имаше можност да му помогне на своето дете во изборот на предметите. Овие предмети во одделенска настава ги реализираат одделенски наставници кои предаваат во конкретното одделение, додека во предметна настава ќе бидат вклучени предметни наставници.

Согласно горенаведената постапка за избор на предмети кои учениците сакаат да ги изучуваат, може да се констатира дека во учебната 2026/2027 година, учениците ќе ги изучуваат следните изборни предмети:

| Одделение | Изборен предмет | Наставник |
|---|---|---|
| **IV** | *Цртање, сликање, вајарство*<br>*Фудбал* | Слаѓана Маџова |
| **V** | *Цртање, сликање, вајарство*<br>*Фудбал* | Гордана Апостолова |
| **VI** | *Имам права*<br>*Шах* | Љупче Златев<br>Валентина Ш.Лукарева |
| **VII** | *Готвење* | Зоранче Апостолов |

| | | |
|---|---|---|
| | *Прва помош* | |
| VIII | *Фотогафски технички елементи и принципи*<br>*Прва помош* | Томе Трајанов |
| IX | *Уметноста и емоциите*<br>*Паметни зелени простори* | Благој Јаначков |

Слободни изборни предмети во централното училиште с.Ерџелија

| одделение | изборен предмет | подрачно училиште | Наставник |
|---|---|---|---|
| IV | *Цртање, сликање, вајарство*<br>*Оригами* | с.Амзабегово | Билјана Мишева |
| V | *Цртање, сликање, вајарство*<br>*Кошарка* | с.Амзабегово | Благица Станојков |
| IV, V | *Оригами*<br>*Кошарка* | с.Мустафино | |
| IV, V | *Моделарство, креативни идеи – направи сам*<br>*Кошарка* | с.Кадрифаково | |
| IV | *Цртање, сликање, вајарство*<br>*Фудбал* | с.Пеширово | |

Слободни изборни предмети по подрачни училишта

## 8.10. Дополнителна настава

Дополнителната настава се реализира за учениците кои имаат потреба од привремена или континуирана поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати. Наставникот во одделенска настава ја планира и реализира дополнителната настава на неделно ниво, согласно потребите на учениците, кога не успеваат да ги постигнат стандардите за оценување планирани за таа недела. За тоа се информираат родителите и децата. Со учениците најчесто се работи

индивидуално/индивидуализирано, а може да се организира и групна форма на работа, доколку поголема група на ученици имаат потешкотии за истата/слична наставна содржина. Вообичаено се планира по еден час неделно по наставен предмет со одредено одделение од II-IX, во текот на целата учебна година.

Кога станува збор за предметна настава, распоред за дополнителна настава се изготвува на месечна основа за секој предмет посебно и се истакнува на огласна табла во училиштето и на веб страната на училиштето. Според новата концепција која се реализира веќе неколку години station наназад, дополнителна настава се реализира во рамки на други активности, во време на задолжителниот престој на учениците во училиште, согласно согледувањата на наставникот од реализираните содржини и постигања на учениците, на ниво на паралелка, а за истото се известуваат учениците. Реализацијата на истата се евидентира во е-дневникот, во делот за дополнителна настава. Ова се однесува на сите одделенија до VIII одделение. Во IX одделение се работи по стариот концепт, каде наставникот освен во електронски дневник, води и евиденција на обрасци дадени од БРО, кои се печатат и архивираат на крајот на учебната година.

**8.11. Додатна настава**

За учениците кои се истакнуваат во рамки на редовната настава и постигнуваат значителни резултати по одредени предмети, од страна на предметните и одделенските наставници ќе биде понудена додатна настава. Овој вид настава исто така се нуди на ученици кои покажуваат особен интерес кон одредена тема/подрачје/област или пак се подготвуваат за учество на натпревари. Согласно Законот за основно образование, ученикот сам одлучува дали ќе биде присутен на додатна настава, односно не е должен да присуствува доколку нема желба/интерес. Преку додатната настава се остварува континуирана системска работа со талентирани и надарени ученици, на учениците им се овозможува стекнување на дополнителни знаења, унапредување на способностите, потесна професионална ориентација, како и учество на натпревари.

Овој вид настава се реализира со еден час неделно, за учениците од II до IX одделение. Училиштето на месечна основа изготвува распоред за реализација на додатна настава и истиот е објавен на огласна табла во училиште, како и на веб страната на училиштето. Наставниците со овие ученици имаат интерактивен пристап и користат активни методи на учење, како на пр. истражувачки активности, учење со откривање и решавање на проблемски ситуации, самостојно истражување од страна на учениците итн.

Според новата концепција, додатна настава се реализира во рамки на други активности, во време на задолжителниот престој на учениците во училиште, составен дел е од неделното планирање во одделенска настава, за што се информираат учениците, а се евидентира во е-дневникот, во делот за додатна настава. Само во IX одделение, педагошката евиденција наставникот ја води електронски, на образец дадени од БРО, а на крајот од учебната година истиот се печати и се архивира.

Може да биде реализирана и во рамки на слободни изборни предмети, но доколку не е опфатена или учениците пројавуваат интерес за унапредување на знаењата и вештините, се организира друга форма на додатна настава.

### 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Минатата учебна година имавме доста талентирани ученици кои покажаа видливи резултати на значајни литературни и ликовни конкурси. Исто така имавме надарени ученици кои на натпреварите по англиски јазик, македонски јазик, географија, природни науки, биологија итн. покажаа видливи резултати како на регионално, така и на државно ниво.

Во наредната 2026/27 год. се планира да продолжиме со овие достигнувања како училиште со тоа што повеќе ќе се работи на додатна настава со овие ученици кои покажале особен интерес и успех кон одреден предмет или наука, како би ги развиле своите знаења и вештини. Се организираат и секции за проширување на знаењата, клубови итн.

Според новата концепција за откривање и работа со талентирани и надарени ученици, предвидена според законот за основно образование, се уредува препознавањето и идентификацијата на овие ученици и потоа се одредуваат мерки и активности за работа и следење на нивниот развој. Идентификацијата се врши уште и при самиот упис на првачиња, а потоа продолжува во текот на учебната година и надарените ученици ќе бидат следени во текот на целиот образовен процес. Притоа се води сметка за индивидуалниот развој и желбите и потребите на самите ученици.

Во училиштето се изготвува програма за надарени и талентирани ученици. Најпрвин во текот на месец септември-октомври ќе се врши идентификација на надарени и талентирани ученици. Наставникот ќе го следи неговиот развој и постигнување, посебно кога станува збор за екстремна надареност и ќе работи на поттикнување на знаења и искористување на талентот.

Работата со надарени и талентирани ученици ќе се остварува преку индивидуализација во наставата, слободни ученички активности, проектни активности, организирање на натпревари, конкурси и работилници на часовите на додатна настава итн.

Учениците кои земаат учество на натпреварите добиваат максимална индивидуална поддршка од предметните наставници и од училиштето воопшто.

Преку секциите нашите ученици учествуваат на бројни манифестации, меѓународни проекти, ликовни и литературни конкурси, приредби, патронати, како и на спортски натпревари во општината и пошироко.

За најуспешните ќе бидат обезбедени дипломи и признанија, кои од оваа учебна година, па во иднина, традиционално ќе се доделуваат јавно на завршната приредба на крајот од учебната година.

**8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби**

Како инклузивно училиште ги следиме сите законски регулативи и измени во законот по ова прашање, така што за наредната 2026/27 година ќе продолжиме да работиме согласно насоките од МОН и поддршката од Ресурсниот центар во Велес.

Инклузивното образование станува неизоставен сегмент од воспитно образовниот процес, на кој се повеќе се обрнува внимание и се структурира процесот на работа со овие ученици со цел нивно целосно интегрирање во наставата. За таа цел посетени се обуки на оваа тема, дел од училишниот тим беше на обука за употреба на вештачката интелигенција во инклузивното образование во Бугарија и за наредната 2026/27учебна година се планира да се направи дисеминација на оваа тема.

Во моментот изминува мандатот на УИТ според закон од три години и ќе биде формиран нов УИТ кој ќе ја продолжи успешната работа на досегашниот тим. Училиштниот инклузивен тим редовно ќе се состанува да ги утврди фактичките состојби и реалните потреби поврзани со учениците со посебни образовни потреби.

Ќе се направи ревизија на постоечкиот инклузивен тим за ученикот кој работи со наод и мислење, а од наредната учебна година треба да добие и образовен асистент. Апликацијата е поднесена до Ресурсниот центар и се надеваме дека во месец септември, во новата учебна година, ќе стартува со образовен асистент кој ќе му даде подршка во совладување на наставните содржини. За другиот ученик со наод и мислење, обезбеден е наод од Завод за ментално здравје, направена е проценка од комисијата за проценка на попреченост и се чека написмено известување, така што во 2026/27год. ќе работиме според препораките на комисијата.

За учениците со потешкотии во учењето, предвидена е поддршка од страна на наставниците и стручните соработници, советодавна помош со родителите, учениците и наставниците. Понатаму ќе биде предложена индивидуализација на наставата според потребите на ученикот, адаптирање на образовните цели и темпото на работа, дополнителна настава и дополнителна работа на дооописменување од страна на педагогот.

**8.14. Туторска поддршка на учениците**

Во училиштето досега не се реализирала ваков вид на подршка со учениците. Тековно, доколку се јави потреба, се создадат услови за тоа и се добие согласност од родител, училиштето во 2026/27 год. ќе обезбеди тутор/волонтер.

**8.15. План на образовниот медијатор**

Имајќи во предвид дека во ООУ„Даме Груев“, според изјаснувањето на родителите и учениците, за етничка припадност, нема ученици кои припаѓаат на Ромската заедница, образовни медијатори нема да се ангажираат за наредната учебна година.

## 9. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Вонаставните активности се составен дел од воспитно-образовната работа на училиштето и имаат значајна улога во севкупниот развој на учениците. Тие овозможуваат стекнување нови знаења, развивање на вештини и способности, креативно изразување, дружење и активно учество во училишниот и општествениот живот. Преку разновидни активности учениците ги развиваат своите интереси, таленти и потенцијали, стекнуваат позитивни животни навики и се поттикнуваат на одговорно и активно граѓанско однесување.

**Цели на вонаставните активности:**

- да се поттикнува личниот, социјалниот и емоционалниот развој на учениците;
- да се развиваат комуникациските вештини, соработката и тимскиот дух;
- да се негуваат креативноста, иновативноста и индивидуалните интереси и таленти;
- да се зајакнува чувството на одговорност, самодоверба и припадност кон училиштето и заедницата;
- да се промовираат здрави животни навики, еколошка култура, културни вредности и хуманост;
- да се развиваат медиумската и дигиталната писменост, како и критичкото размислување;
- да се поттикнува активно учество на учениците во училишни, локални и меѓународни активности и проекти.

**Планирани вонаставни активности за учебната 2026/2027 година**

Во учебната 2026/2027 година училиштето ќе реализира разновидни вонаставни активности со цел да ги поттикне знаењата, вештините, креативноста, хуманоста, граѓанската одговорност и активното учество на учениците во животот на училиштето и локалната заедница.

***Уметничко-креативни работилници***

- цртање, сликање и моделирање;
- изработка на украси и предмети од природни и рециклирани материјали;
- изработка на маски, костими и сценографија;
- креативни работилници по повод државни празници, училишни свечености и значајни датуми.

***Драмска и музичка секција***

- подготовка на драмски претстави, приредби, рецитали и музички настапи;
- учество на училишни и општински манифестации;
- одбележување на значајни датуми преку културно-уметничка програма.

***Еколошка секција***

- разубавување и уредување на училишниот двор;
- акции за селекција и рециклирање на отпад;
- одбележување на Светскиот ден на водите, Денот на планетата Земја и други еколошки датуми;
- активности за развивање на еколошката свест и одговорност.

***Спортски активности***

- организирање спортски денови;
- учество на училишни, општински и регионални натпревари;
- пролетен и есенски крос;
- промоција на здрави животни навики, фер-плеј и тимска работа.

***Клуб на читатели***

- читање и анализа на литературни дела;
- литературни разговори и презентации;
- одбележување на Светскиот ден на книгата;
- поттикнување на читачките навики и љубовта кон книгата.

***Медиумски клуб***

- работилници за медиумска и дигитална писменост;
- безбедно користење на интернет и социјалните мрежи;
- изработка на училишен билтен, електронски весник или блог;
- подготовка на интервјуа, фотографии и видеосодржини;
- презентација на ученичките медиумски продукти на училишната веб-страница, огласните табли и јавни настани.

***ПХВ – Промоција на хумани вредности***

Во рамките на програмата ПХВ ќе се реализираат активности насочени кон развивање на хуманоста, емпатијата, солидарноста и волонтерството кај учениците.

Планирани активности:

- спортски игри со хуманитарен карактер;
- хуманитарна лотарија;
- традиционална Велигденска трпеза;
- првоаприлски хепенинг со изработка и презентација на костими од рециклирани материјали;
- хуманитарни акции за помош на ранливи категории граѓани;
- волонтерски активности во соработка со Црвениот крст и локалната заедница.

***ВЕЛО активности (Велосипедизам)***

Во рамките на ВЕЛО активностите училиштето ќе реализира активности насочени кон промовирање на велосипедизмот како здрав, безбеден и еколошки начин на движење. Преку овие активности учениците ќе стекнуваат знаења и вештини за безбедно учество во сообраќајот, ќе развиваат сообраќајна култура, чувство на лична одговорност и ќе ги усвојуваат принципите на здравиот начин на живот и заштитата на животната средина.

Планирани активности:

- едукативни работилници за безбедно управување со велосипед и почитување на сообраќајните правила;
- практични вежби за правилно и безбедно возење велосипед;
- организирање велосипедски прошетки и рекреативни возења;
- одбележување на Европската недела на мобилноста и Светскиот ден без автомобили;
- велосипедски натпревари, полигони на вештини и едукативни игри;
- активности за промоција на велосипедизмот како еколошки вид транспорт;
- соработка со локалната самоуправа, сообраќајната полиција, велосипедски клубови и други институции при реализација на едукативни и превентивни активности.

Преку ВЕЛО активностите учениците ќе развиваат одговорно однесување во сообраќајот, физичка активност, еколошка свест и здрави животни навики, придонесувајќи кон побезбедна и поздрава училишна и локална заедница.

***Еразмус+ и меѓународна соработка***

Училиштето ќе продолжи активно да учествува во проекти од програмата Еразмус+, како и во други национални и меѓународни иницијативи. Преку овие активности учениците и наставниците ќе стекнуваат нови знаења и искуства, ќе разменуваат добри практики и ќе ги развиваат своите дигитални, јазични, претприемачки и интеркултурни компетенции.

*Начин на реализација*

Во согласност со Концепцијата за воннаставни активности, на крајот од учебната година учениците, преку анкетен лист, ќе избираат секција или клуб согласно своите интереси и способности. Термините за работа ќе бидат утврдени на почетокот на учебната година, во договор со наставниците и учениците.

Активностите ќе се реализираат во соработка со наставниците, стручната служба, Советот на родители, ученичката заедница, локалната самоуправа, Црвениот крст, јавните институции, невладините организации и другите партнери на училиштето.

*Приоритети при реализацијата*

При реализацијата на воннаставните активности училиштето ќе обезбеди услови и ќе настојува:

- да вклучи што поголем број ученици во најмалку една воннаставна активност;
- да обезбеди еднакви можности за учество на сите ученици без дискриминација по кој било основ;
- да ги вклучи учениците со посебни образовни потреби и учениците од семејства со понизок социо-економски статус;
- учениците да избираат активности според сопствените интереси, способности и афинитети;
- учениците активно да учествуваат во планирањето, организирањето, реализацијата и евалуацијата на воннаставните активности;
- да се развиваат креативноста, одговорноста, хуманоста, претприемчивоста, критичкото размислување и тимската работа;
- да се промовираат здрави животни навики, инклузивност, еколошка одговорност, демократски вредности и активно граѓанство;
- да се поттикнува соработката со родителите, локалната заедница и партнерските институции во интерес на учениците.

## 9.1. Училишен спортски клуб

Училишниот спортски клуб претставува важен дел од воспитно-образовната работа на училиштето и има значајна улога во поттикнувањето на здравите животни навики, физичката активност и психофизичкиот развој на учениците. Преку организирани спортски активности, тренинзи и натпревари, учениците ги развиваат своите моторички способности, спортскиот дух, дисциплината, истрајноста и позитивните животни вредности.

Во услови кога физичката неактивност кај децата е сè поизразена, училиштето ќе продолжи да вложува напори за промовирање на спортот како составен дел од здравиот начин на живот. Редовната физичка активност придонесува за правилен раст и развој, подобрување на физичката подготвеност, превенција на деформитети, развој на моторичките способности и зачувување на менталното здравје.

Во учебната 2026/2027 година, ООУ „Даме Груев“ планира да започне постапка за регистрирање на Училишен атлетски спортски клуб, со цел создавање подобри услови за развој на училишниот спорт, поголемо учество на учениците на организирани натпревари и афирмација на атлетиката како основа за развој на сите спортски дисциплини.

*Цели на училишниот спортски клуб*

- поттикнување на редовна физичка активност и здрав начин на живот;
- развивање на моторичките и функционалните способности на учениците;
- откривање, поддршка и развој на спортските таленти;
- развивање на дисциплина, истрајност, самодоверба и одговорност;
- негување на фер-плеј, тимска работа и меѓусебно почитување;
- подготовка на учениците за учество на училишни, општински, регионални и државни спортски натпревари;
- создавање услови за функционирање на регистриран училишен атлетски спортски клуб.

**Планирани активности за учебната 2026/2027 година**

Во рамките на училишниот спортски клуб ќе се реализираат:

- атлетски тренинзи (трчање, скокови и фрлања);
- шаховска секција;
- фудбалски активности и меѓуодделенски турнири;

- ракометна секција;
- пинг-понг;
- спортско-рекреативни активности и спортски денови;
- подготовки за учество на училишни спортски натпревари.

Во спортските активности ќе бидат вклучени ученици од I до IX одделение, согласно нивните интереси и способности, без разлика на полот. Работата на спортскиот клуб ќе ја реализираат наставниците по физичко и здравствено образование:

- Александра Спасова;
- Јорданче Спасов.

Тренинзите ќе се одржуваат еднаш неделно, а во периодот пред натпреварите ќе се организираат дополнителни подготовки.

**Натпревари и спортски манифестации**

Учениците ќе учествуваат на училишни, општински, регионални и државни натпревари, согласно календарот на Федерацијата на училишен спорт и надлежните институции.

Во текот на учебната година ќе се реализираат:

- Есенски училишен крос (октомври);
- Пролетен училишен крос (мај);
- спортски денови;
- атлетски митинзи и други спортско-рекреативни активности.

На кросовите ќе учествуваат ученици од I до IX одделение, поделени според возраст и пол.

*Следење и евалуација*

Реализацијата на спортските активности ќе ја следат директорот, стручната служба и наставниците по физичко и здравствено образование. Посебно внимание ќе се посвети на процесот на формирање и регистрација на училишниот атлетски спортски клуб, со цел негово успешно функционирање и создавање можности за поголемо учество на учениците во организираниот училишен спорт.

Со формирањето на Училишниот атлетски спортски клуб, училиштето ќе придонесе за унапредување на спортската култура, развој на здрави животни навики, откривање на млади спортски таленти и успешно претставување на училиштето на спортски натпревари на сите нивоа.

## 9.2. Секции и клубови

Секциите и клубовите претставуваат значаен сегмент од воннаставните активности во училиштето и овозможуваат продлабочување на знаењата, развивање на интересите, талентите и креативноста на учениците. Преку нивната работа се создаваат можности за практична примена на стекнатите знаења, развивање на истражувачки дух, критичко размислување, соработка и активно учество во животот на училиштето и локалната заедница.

Секциите и клубовите се организираат согласно интересите на учениците и Годишната програма за работа на училиштето. Во нив може да членуваат ученици од иста или различни паралелки и одделенија, во согласност со нивната возраст, интереси и способности. Работата се реализира според програми изготвени од одговорните наставници, во соработка со стручната служба и Ученичкиот парламент.

*Цели на секциите и клубовите*

- поттикнување на љубопитноста, креативноста и истражувачкиот дух;
- развивање на индивидуалните способности, таленти и интереси;
- унапредување на критичкото, логичкото и креативното размислување;
- развивање на комуникациските вештини, тимската работа и соработката;
- поттикнување на активно учество на учениците во училишниот и општествениот живот;
- афирмација на училиштето преку учество на натпревари, изложби, манифестации и проекти;
- развивање на позитивни вредности, одговорност и почитување на различностите.

Секциите и клубовите се реализираат во текот на целата учебна година, најчесто еднаш неделно, во согласност со распоредот на наставата и можностите на учениците и наставниците. По потреба, во нивната реализација можат да бидат вклучени родители, претставници од локалната заедница, институции и други соработници.

**Активни секции и клубови во ООУ „Даме Груев“ – с. Ерџелија**

Во учебната 2026/2027 година ќе функционираат следните секции и клубови:

| Секција / Клуб | Одговорен наставник |
|---|---|
| Секција по англиски јазик | Елена Китанова Ѓошевска |
| Биолошко-хемиска секција | Катерина Димковска |
| Ликовна секција „Млади уметници“ | Зоранче Апостолов |
| Млади Библиотекари | Софија Иванова Панева |
| Еколошка секција<br>Новинарски и медиумски клуб | Маја Давкова<br>Маја Давкова |
| Литературно-драмска секција | Катерина Алексова Наумова |
| Микробит клуб | Драган Ѓорѓиев |

**Одделенски секции**

Во одделенската настава (I–V одделение) ќе се реализираат разновидни секции и клубови согласно интересите и потребите на учениците. Активностите ќе опфаќаат креативни работилници, литературни, музички, драмски, еколошки, спортско-рекреативни и други содржини, со цел развивање на основните компетенции, креативноста, социјалните вештини и позитивните навики кај учениците.

**Микробит клуб**

Со цел развивање на дигиталните компетенции, логичкото размислување и иновативноста, во училиштето продолжува со работа **Микробит клубот**, под менторство на наставникот **Драган Ѓорѓиев**.

Клубот е наменет за ученици од предметната настава кои покажуваат интерес за програмирање, роботика, електроника и работа со микроконтролери. Учениците преку практични активности ќе креираат дигитални решенија, ќе програмираат Micro уреди и ќе учествуваат во проекти, натпревари и презентации. Активностите ќе се реализираат еднаш неделно или според договор, во зависност од динамиката на проектните активности.

*Очекувани резултати*

Со реализацијата на секциите и клубовите се очекува:

- поголема вклученост на учениците во воннаставните активности;
- развој на креативноста, иновативноста и истражувачкиот дух;
- подобрување на комуникациските и социјалните вештини;
- унапредување на дигиталните, јазичните, научните и уметничките компетенции;
- успешно учество на учениците на натпревари, конкурси, изложби, проекти и јавни манифестации;
- промоција на училиштето преку ученичките постигнувања и активности;
- создавање позитивна, инклузивна и мотивирачка училишна средина.

**9.3. Акции**

Со цел поттикнување на демократска клима во училиштето и развивање на граѓанските компетенции кај учениците, во училиштето се организираат различни училишни акции како форма на краткотрајни воннаставни активности. Тие најчесто се реализираат во текот на еден или неколку последователни денови и имаат значајна воспитно-образовна улога.

Акциите можат да имаат еколошки, хуманитарен, општествен, културен или едукативен карактер и се реализираат на ниво на паралелка, училиште или во соработка со локалната заедница. Посебно значајно е што дел од акциите произлегуваат од иницијативи на самите ученици, со што се поттикнува нивната активна улога во планирањето и спроведувањето активности насочени кон подобрување на училишната и пошироката средина.

Придобивки од ученичките акции

- развивање на свест за актуелните општествени и еколошки предизвици;
- поттикнување на одговорност, солидарност и активно граѓанство;
- јакнење на самодовербата, иницијативноста и лидерските способности;
- развивање чувство на припадност кон училиштето и заедницата;
- унапредување на вештините за тимска работа, комуникација и организација.

## Планирани акции за учебната 2026/2027 година

Во текот на учебната 2026/2027 година во ООУ „Даме Груев“ ќе се реализираат редовни еколошки, хуманитарни и едукативни акции со цел подигнување на еколошката свест, солидарноста и одговорното однесување кај учениците.

Планирани се следните активности:

- еколошки акции за чистење и уредување на училишниот двор и училишната околина;
- акции за селекција и собирање отпад со цел рециклирање;
- одбележување на значајни меѓународни денови, како што се:
  - Светски ден на здрава храна;
  - Светски ден на мирот;
- хуманитарни и солидарни акции за поддршка на ученици и семејства во социјален ризик;
- активности за промовирање на здрави навики, хуманост и грижа за животната средина.

## Општествено корисна работа

Во согласност со Концепцијата за основно образование, за учениците од **VII** и **VIII одделение** ќе се реализира и **општествено корисна работа** како дел од наставните и вонаставните активности. Овие активности ќе бидат насочени кон развивање на чувство на одговорност, ангажираност и активен придонес во училиштето и заедницата.

Општествено корисната работа ќе опфати:

- учество во еколошки и хуманитарни акции;
- уредување и одржување на училишниот простор;
- помош во организација на училишни настани и манифестации;
- учество во активности за поддршка на локалната заедница.

Активностите ќе се реализираат под менторство на наставниците, во согласност со возраста, можностите и безбедносните стандарди за учениците. Активностите ќе се реализираат со активно учество на учениците, наставниците, стручната служба, родителите и локалната заедница, со цел создавање свесни, одговорни и активни млади граѓани.

## 10. УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

За да се овозможи активно учество за застапување и промовирање на правата и интересите на учениците, преку демократско учество во донесување одлуки во училиштето, кои се поврзани со наставата, вонаставните активности, односите помеѓу учениците, односите со возрасните (наставници, родители, технички персонал...), физичките услови, во училиштето постои таканаречено ученичко организирање каде што учениците се организираат на ниво на паралелка и на ниво на училиште.

За организирано остварување на интересите учениците се организираат во:

- Одделенска заедница/ заедница на паралелката ( од I-IX одделение);
- Ученички парламент;
- Ученички правобранител;
- Ученички организации.

Во рамки на секоја одделенска заедница на почетокот на учебната 2026/27год. година во месец септември ќе се избира претседател, заменик претседател, секретар, благајник, ќе се формира комисија за успех и дисциплина. Претседателите и заменик претседателите од V-IX одделение се организираат во ученички парламент со кој координира психологот. Ученичкиот парламент ќе избира претседател, а исто така согласно Законот за основно образование се избира и ученички правобранител, по пат на тајно гласање на учениците од седмо до деветто одделение кој е со мандат од две години.

Бидејќи имавме направено избор минатата учебна година, за 2025/26 год.за ученички правобранител останува ученичката Јелена Милошевска ,која во наредната учебна година ќе биде деветто одделение.

Откако секое одделение ќе го избере претседателот и неговиот заменик ќе се состанат сите членови и ќе се договорат понатамошните активности. Ученичкиот парламент ќе работи по своја програма која ќе се изработи на почетокот на учебната година, во новиот состав, со новиот претседател избран во месец септември.

Претставници од ученичкиот парламент ќе учествуваат во сите структури во работата на училиштето. Свои претставници учениците ќе изберат за совет на родители, наставнички совет ,училишен одбор.

Новина од наредната учебна година,nпо предлог на претседателот на училиштен одбор и член на советот на родители е активното учество во ученичкиот парламент да се наградува со интерна пофалница или диплома, за учениците кои ќе се истакнат со свои идеи и ангажмани во работата на ученичката заедница.

## 11. ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

### 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Во текот на учебната 2026/2027 година училиштето ќе организира разновидни вонучилишни активности со цел збогатување на воспитно-образовниот процес. Преку екскурзии, излети, теренска настава и организирани посети, учениците ќе имаат можност да ги прошират своите знаења, да развиваат еколошка свест, позитивен однос кон природните и културните вредности, како и да се запознаат со културно-историски, научни и стопански знаменитости во државата. Овие активности ќе придонесат за поттикнување на дружењето, соработката, одговорното однесување и стекнувањето практични искуства надвор од училницата.

Во рамките на стручните активи на одделенската и предметната настава се изготвени програми за реализација на ученички екскурзии, еднодневни излети и образовни посети, во согласност со наставните програми и возраста на учениците.

Сите екскурзии и излети ќе бидат планирани и реализирани согласно важечките законски прописи и Правилникот за начинот на организирање и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни воспитно-образовни активности за учениците од основните училишта.

Тимот задолжен за подготовка, организација и реализација на програмата за ученички екскурзии е составен од:

1. Драгица Јованова – директор;
2. Билјана Бојковска – одделенски наставник, ПУ с. Амзабегово;
3. Билјана Трајчевска– одделенски наставник, ПУ с. Пеширово;
4. Емилија Цековски – одделенски наставник, с. Ерџелија
5. Валентина Штеркова Лукарева- наставник во предметна настава
6. Катерина Димковска – наставник во предметна настава;
7. Никола Давков – наставник во предметна настава.

За учениците од III одделение е планирана еднодневна едукативна екскурзија на релација Свети Николе - Скопје, со цел запознавање со природните богатства, хидролошките особености и туристичките потенцијали на овој регион.

Во рамките на програмата на Стручниот актив на одделенската настава ќе се реализираат и следните активности за учениците од I до V одделение, под координација на раководителот на активот, наставничката Слаѓана Маџова:

- организирање едукативна прошетка низ град Свети Николе со посета на значајни институции, Општината и кабинетот на градоначалникот (октомври 2026);
- организирање еднодневна теренска посета на с. Ѓуриште и метеоролошката станица, со цел учениците практично да се запознаат со метеоролошките мерења и временските појави (март–април 2027).

За учениците од VI и IX одделение е предвидена еднодневна екскурзија на релација Свети Николе – Скопје - Матка која ќе се реализира во текот на првото или второто полугодие, во зависност од условите и Годишниот календар за работа. Одговорни за организацијата и реализацијата ќе бидат одделенските раководители на овие одделенија.

### 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Според моментално расположливите податоци, во учебната 2026/2027 година училиштето нема евидентирано ученици кои се вклучени во организирани вонучилиштни активности, како што се основно музичко или балетско училиште, спортски академии, училишта за танц или други организирани форми на дополнително образование и обука. Доколку во текот на учебната година се евидентираат промени, податоците ќе бидат соодветно ажурирани.

## 12. НАТПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Натпреварите претставуваат значаен дел од воспитно-образовната дејност и важен инструмент за унапредување на квалитетот на наставата и учењето. Тие им овозможуваат на учениците да ги применат стекнатите знаења и вештини во различни ситуации, да ги развиваат своите способности, таленти и интереси, како и да стекнуваат нови искуства преку здрав натпреварувачки дух и соработка со врсници.

Преку учеството на натпревари, конкурси, научни манифестации, спортски и уметнички настани, учениците се мотивираат за повисоки постигања, развиваат критичко и креативно размислување, самостојност, истражувачки пристап, одговорност, упорност и

самодоверба. Воедно, натпреварите придонесуваат за откривање и поттикнување на талентираните ученици, развивање на нивниот целосен потенцијал и создавање позитивен однос кон учењето и личниот напредок.

Учеството на учениците на натпревари, конкурси и други манифестации претставува значаен сегмент од воспитно-образовната работа на ООУ „Даме Груев“ с. Ерџелија. Преку овие активности училиштето континуирано ги поттикнува учениците да ги развиваат своите знаења, способности, креативност, истражувачки дух и натпреварувачки вредности, овозможувајќи им да ги покажат своите потенцијали во различни области.

Во учебната 2026/2027 година училиштето ќе организира училишни натпревари и ќе обезбеди учество на учениците на општински, регионални, државни и, доколку се создадат услови, меѓународни натпревари, согласно календарите и пропозициите на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, здруженијата на наставници и другите релевантни организатори. При изборот на учениците за учество ќе се води сметка за нивните интереси, афинитети, способности, постигнати резултати и покажаната мотивација. Наставниците преку редовната, дополнителната и додатната настава, како и преку менторска работа, ќе ги идентификуваат и подготвуваат учениците за успешно учество на различни натпревари и конкурси.

Согласно досегашната успешна практика, учениците ќе учествуваат на натпревари по математика, физика, биологија, природни науки, македонски јазик, англиски јазик, германски јазик, географија и други наставни предмети, како и на натпревари по Прва помош (теоретски и практичен дел), спортски натпревари, ликовни и литературни конкурси, еколошки натпревари, квизови на знаење и други активности што придонесуваат за нивниот целокупен развој. Дел од натпреварите ќе се реализираат со физичко присуство, а дел преку онлајн платформи, во зависност од правилата на организаторите.

Училиштето активно ќе го поттикнува и учеството на учениците во активностите по повод Месецот на науката, преку изработка и презентација на истражувачки и иновативни проекти, експерименти, изложби, научни презентации, работилници и други активности со кои се развива љубопитноста, научната писменост, критичкото размислување и истражувачките компетенции. Учеството на натпревари има особено значење и за училиштето, бидејќи претставува показател за квалитетот на воспитно-образовната работа, стручноста и посветеноста на наставниот кадар, како и успешноста на дополнителната и додатната настава. Постигнатите резултати придонесуваат за афирмација на училиштето, промоција на ученичките достигнувања и јакнење на угледот на училиштето во локалната и пошироката заедница.

Натпреварите не претставуваат само можност за проверка и вреднување на знаењата, туку и простор за дружење, размена на искуства и воспоставување нови пријателства помеѓу учениците од различни училишта. Преку учеството на натпревари учениците развиваат чувство за припадност, меѓусебна почит, толеранција, тимска работа, фер-плеј и соработка, стекнуваат поголема самодоверба

и мотивација за понатамошно учење и личен развој. Истовремено, учеството на натпревари придонесува за продлабочување и проширување на соработката на училиштето со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар, акредитираните здруженија на наставници, високообразовните институции, научните установи, општината, спортските федерации, организациите на Црвениот крст, како и со други јавни институции, невладини организации и партнери кои организираат натпревари, конкурси и едукативни манифестации. Ваквата соработка овозможува размена на добри практики, унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес, поттикнување на иновациите во наставата и создавање нови можности за професионален развој на наставниците и за активно вклучување на учениците во различни образовни, научни, културни, спортски и хуманитарни активности.

Преку континуираното учество на натпревари и конкурси, училиштето ја поттикнува културата на знаење, извонредност и доживотно учење, создавајќи позитивна училишна клима во која се препознаваат, вреднуваат и поддржуваат трудот, талентот, креативноста и постигнувањата на секој ученик.

## 13. УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ/ИНТЕРКУЛУРАЛИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКАТА ИНТЕГРАЦИЈА

Минатата учебна година училиштето започна соработка со општинското основното училиште „Дитурија“ с.Чифлик, а ќе продолжи и соработката со досегашните партнер училишта „Драга Стојановска“ с.Ракотинци и „Рилиндија“ с.Лојане. За наредната учебна година се надеваме и на соработка со училиштето во НРБугарија во рамки на Еразмус + програмата.

Целите на заедничките активности се негување, охрабрување и интегрирање на мултиетничките и мултикултурните вредности, образување и надградување како на учениците, наставниците и вработените во училиштата, така и на родителите и заедницата, негување на хармонични односи кои се темелат на почитување на разликите, градејќи притоа едно мултиетничко општество.

Во училишниот тим за меѓуетничката интеграција кој предвидува седум члена во учебната 2026/27 год. ќе претрпи промени, посебно во делот на учество на учениците, бидејќи досегашните членови Јелена Милошевска и Лука Апостолов го завршија основното образование.Останатите членови се следниве:

- Драгица Јованова - директор
- Слаѓана Маџова - одделенски наставник
- Љупче Златев - предметен наставник
- Никола Давков - предметен наставник
- Катерина Ефремова - Владева – стручен соработник, психолог

## 14. ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Секоја година во училиштето се реализираат активности кои се дел од одредена соработка со институциите,во рамки на одредени тековни проекти. Во нашето училиште се реализираат следниве проекти:

### 1. Меѓуетничка интеграција на младите во образованието –МИМО

*Учесници*: Драгица Јованова – директор, Слаѓана Маџова - одделенски наставник, Љупче Златев - предметен наставник, Никола Давков - предметен наставник, Катерина Ефремова - Владева – психолог, ученички правобранител, претседател на ученички парламент.

*Временска рамка за реализација*: септември 2026год. до јуни 2027год.

*Цели на активностите*: Развивање на чувството за соживот, взаемно почитување и меѓуетничка толеранција во една мултиетничка заедница.

### 2.Антикорупциска едукација во образованието

*Учесници*: директор - Драгица Јованова, одговорен наставник- Валентина Штеркова Лукарева, стручен соработник - психолог Катерина Ефремова-Владева, ученици од VIII и IX одд.

*Временска рамка за реализација*: септември 2026год. до мај 2027год.

*Цели на активностите*: Да се воспостави вредносен систем, кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување.

### 3.Полицијата и граѓаните заедно

*Учесници*: претставници од МВР, стручни соработници, наставници и ученици

*Временска рамка за реализација*: септември 2026год. до мај 2027год.

*Цели на активностите*: Да се превенираат најразлични девијантни појави,дополнително да се информираат учениците за законските одредби од прекршување на законот, понатаму информирање на најмалите за правилата во сообраќајот и безбедно движење во сообраќајот, почитувајќи ги правилата и сообраќајните прописи. Да умеат да го препознаат насилното однесување меѓу врсниците, да развиваат ставови и култура на коректно и пријателско однесување кон своите другарчиња, како и да знаат како и каде да реагираат во ситуација на присутност на овој тип негативна појава.

**4.Црвен крст на РСМакедонија**

*Учесници*: претставници од Црвен крст, наставник-советник Маја Давкова како координатор на PHV програмата во рамки на Црвениот крст, стручни соработници, наставници, ученици

*Временска рамка за реализација*: септември 2026год. до мај 2027 год.

*Цели на активностите*: Обезбедување на хуманитарна и социјална помош на населението, развивање на хумани вредности, организирање настани од хуманитарен карактер и масовност на волонтерство.Поттикнување на учениците на соработка. Едукативни предавања во рамки на Црвениот крст за прва помош итн.

**5.Сеизмолошки институт на РСМакедонија**

*Учесници*: претставници од Сеизмолошки институт, наставници,ученици од VI - IX одд.

*Временска рамка за реализација*: септември 2026год. до мај 2027 год.

*Цели на активностите*: Да научат повеќе за земјотресите како природна појава, за нивното влијание и преку истражување и користење едукативни алатки самостојно да дојдат до заклучок кои се генералните принципи на градење на згради отпорни на земјотреси и да се побуди љубопитство за сеизмологијата.

**6.Вело**

Ученици: наставник-советник Маја Давкова, наставници, стручни соработници и ученици

Временска рамка на реализација: септември 2026год. до мај 2027год.

Цели на активностите: промовирање на велосипедизмот, подобрување на безбедноста во сообраќајот, подигање на свеста кај учениците, родителите, наставниците за придобивките од активната мобилност и поттикнување на здрави животни навики преку редовна физичка активност и намалување на употребата на моторни возила за кратки релации.

## 15. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 15.1. Постигнување на учениците

На крајот на учебната 2025/2026 година учениците од прво до трето одделение се описно оценети, категоризирани во четири нивоа: високо, средно, основно и незадоволително ниво. Учениците од четврто до деветто одделение се бројчано оценети. Во IV одделение просечниот успех на крајот од минатата учебна година изнесува 4.1, во V одделение изнесува 4.1, во VII одделение е 3.46, во VIII успехот на крајот од годината изнесува 3.13, додека во IX одделение изнесува 4.09. Во продолжение е даден табеларен приказ на постигнувањата на учениците на крајот од учебната 2025/2026 година, по одделенија, на ниво на училиште.

**<u>Забелешка:</u>** Во VI одделение просечниот успех не може да се констатира во моментот на изработка на годишната програма, бидејќи има ученици кои се упатени на поправни испити во август, поради слабите резултати кои ги имаат постигнато во јунска сесија.

| | Вкупно | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | Вкупно | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | | средна оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| одд | ученици | | одлични | | многу добри | | добри | | доволни | | | | со 1 сл | | со 2 сл | | со 3 или повеќе слаби | | не оценети | | описно оценети | |
| | вк. | д | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | | | | |
| I | 20 | 11 | описно оценети | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | 5% | 19 | |
| II | 15 | 10 | описно оценети | | | | | | | | | | | | | | | | | | 15 | |
| III | 22 | 11 | описно оценети | | | | | | | | | | | | | | | | | | 22 | |
| IV | 10 | 5 | 4 | 40% | 3 | 30% | 3 | 30% | | | 10 | 100% | | | | | | | | | | 4.1 |
| V | 27 | 15 | 11 | 41% | 6 | 22% | 7 | 26% | 3 | 11% | 27 | 100% | | | | | | | | | | 4.1 |
| **IV-V** | **37** | **20** | **15** | **41%** | **9** | **24%** | **10** | **27%** | **3** | **8%** | **37** | **100%** | | | | | | | | | | **4.1** |
| VI | 26 | 12 | 6 | 22% | 4 | 15% | 2 | 7% | | | | | | | 2 | 8% | | | 1 | 4% | | |
| VII | 13 | 8 | 4 | 31% | 2 | 15% | 3 | 23% | 4 | 31% | | | | | | | | | | | | 3.48 |
| VIII | 20 | 11 | 3 | 15% | 3 | 15% | 5 | 25% | 7 | 35% | 18 | 90% | | | | | 1 | 5% | 1 | 5% | | 3.13 |
| IX | 11 | 4 | 6 | 55% | 2 | 18% | 3 | 27% | | | 11 | 100% | | | | | | | | | | 4.09 |
| **VI-IX** | **70** | **35** | **19** | **27%** | **11** | **16%** | **13** | **19%** | | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | ***164*** | ***87*** | ***34*** | ***32%*** | ***20*** | ***19%*** | ***23*** | ***21%*** | | | | | | | | | | | ***3*** | ***2%*** | ***56*** | |

На крајот од секој квалификационен период, се изработува анализа на успех и постигања на учениците по пол и наставни предмети, а се прават и споредбени анализи на успехот и поведението на учениците со претходните две учебни години, по предмети, паралелки и пол. Во текот на годината преку разговори со наставниците, се добиваат информации за тоа кои ученици имаат потешкотии во совладување на наставните содржини, како и причината за истите.

Во текот на годината целиот наставен и стручен кадар работи во насока на подобрување на училишните резултати на учениците преку различни начини и форми на работа. Првенствено тука е дополнителната настава, потоа индивидуализирана работа на педагогот со одредени ученици со потешкотии во совладување на наставни содржини, индивидуализирана работа на психологот со одредена група на ученици, но и додатна настава за поддршка на учениците во одредени области.

Во одделенска настава тоа најчесто, согласно новата концепција се прави во рамки на други активности, каде учениците имаат можност да пишуваат домашна работа, но и да работат на одредена наставна содржина каде имаат послаби резултати.

По завршувањето на прво и трето тримесечие се утврдуваат учениците со слаби оцени во предметна настава, и со овие ученици од страна на педагогот се реализира работилницата “Ефикасно учење - како до подобар успех” во прво полугодие и “Мотивација за учење” во второ полугодие. Преку анкета која се спроведува во рамки на овие работилници се утврдуваат причините за слабиот успех на учениците како и по кои предмети се јавуваат потешкотии. Откако ќе се добијат резултати, се планираат понатмошни форми на работа.

При преминот од одделенска во предметна настава, со оглед на тоа дека учениците се соочуваат со поинаков начин на работа, педагогот реализира презентација “Совети за ефикасно учење”, а на учениците ќе им бидат поделени и флаери со совети за ефикасно учење.

По завршување на секој квалификационен период и утврдување на успехот, од страна на психологот се изготвува неделен и месечен план, како и програма за советување. Со родителите и учениците кои имаат три и повеќе слаби, односно голем број на изостаноци, со цел подобрување на успехот и однесувањето на учениците, како и намалување на бројот на изостаноци, се реализираат советувања од страна на психологот.

Согласно програмата за работа на психологот се планира едукативна работилница со родителите, со цел истакнување на важноста на процесот на образование кај необразовани и неинформирани родители, односно родители од низок социо-економски и образовен статус. Со учениците каде се забележува пад во успехот од било кои причини, психологот ќе реализира работилница на тема: “Мнемонички техники на помнење и мотивација за учење”.

Во текот на годината од страна на стручните соработници, во соработка со наставниците, се реализира советодавно-воспитна работа, секогаш кога ќе биде утврдена потреба за истата, како со учениците, така и со нивните родители.

### 15.2. Професионална ориентација на учениците

Како многу битен фактор во воспитно-образовниот процес, оваа програма постојано се развива и подлежи на промени според новите модерни трендови во образованието. Овој процес опфаќа широк сегмент и палета на активности кои системски треба да се спроведат во училиштето, а ги опфаќа одделенските часови, поточно од програмата за образование за животни вештини, часовите по граѓанско образование и иновации каде што се спомнува кариерен развој итн.

Во текот на месец јуни 2026год. стручните соработници имаа напредна дводневна обука за методи, техники, инструменти и начини на кој треба да се реализира професионалната ориентација,така што во 2026/27 год. ќе се водиме според насоките дадени од МОН. Ќе се направи системски и со конкретно разработени чекори, со цел успешно реализирање на професионалната ориентација и опфаќање на сите аспекти и чинители вклучени во овој процес. За наредната учебна година се предвидени следниве активности од областа на професионалната ориентација кои ќе бидат детално разработени во посебна програма за професионална ориентација, како прилог на годишната програма:

- *Анкетен прашалник* за потребите на учениците, во однос на професионалната ориентација;
- *Работилници* на кои учениците се запознаваат со значењето на изборот на идната професија, се информираат за начинот на упис во средни училишта, се информираат за видови училишта итн.;
- Предвидено е *следење и откривање на специфични способности* и интереси, преку инвентарот на способности и интереси во зависност од можностите;
- Се планира *гостување на еден родител на ученик* од деветто одделение со специфично занимање, кој лично ќе го пренесе своето професионално искуство и ќе им помогне на учениците од поблиску да се запознаат со предизвиците на тоа занимање. Планирани се посети или гостувања од средни училишта кои ќе ги презентираат своите програми и ќе им ги објаснат и доближат на учениците можностите кои ги нудат во изборот на идно занимање како средни училишта;
- Во соработка со директорот, доколку има реална финансиска можност, може да се организира *посета на учениците во некоја локална фабрика* или средно училиште со своја работилница, фарма и слично, со цел учениците поблиску да се запознаат со начинот на кој е организирана работата или како изгледа работата на идниот текстилец, ветеринар итн.
- Доколку се остворат услови, може да се организира „*Денови на кариера*“ во училиштето со цел да се приближат овие активности кон учениците и да се даде поголема димензија на професионалното ориентирање како настан од поголеми размери.

На крајот доколку има потреба ќе се врши *индивидуално или групно советување на учениците* во присуство на родителите, притоа ќе се внимава на избегнување на родовата стереотипност при избор на занимање. Професионалната ориентација на учениците во осмо и деветто одделение,а посебно во деветто одделение кога учениците го комплетираат своето основно образование е важен сегмент во воспитно-образовниот процес и подготовката на учениците за понатамошни чекори во своето образование и воопшто во животот.

### 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Поради се поголем пораст на насилството во секаков облик, меѓуврсничко насилство, семејното насилство, сајбер насилството, па дури и сексуалното насилство, од оваа учебна година е потенцирана работата на стручните соработници во врска со превенцијата од насилство, препознавање на насилството, справување со насилничко однесување и последиците од извршено насилство врз жртвата која претрпела насилство.

Под насилство се подразбираат сите форми на физичко, психичко, емоционално, социјално, сексуално и кибернасилство, повреди или злоупотреба, занемарување или несовесно постапување, малтретирање или експлоатација. Истото ќе гледаме да го приближиме и на учениците согласно развојната возраст на ученикот и превентивните активности ќе бидат прилагодени според возраста. Важно е учениците да умеат да го препознаат насилството во сите негови облици. Ќе работиме најпрвин на превенција и спречување насилство, организирајќи превентивни работилници, зборувајќи на оваа тема со учениците итн.

Целите на превентивните програми против насилство и злоупотреба се учениците да станат свесни за насилството и сите облици во кои може да се појави насилство во училиштето, а со тоа да се превенира насилно однесување помеѓу сите структури во училиштето и да се охрабрат учениците жртви на насилство отворено да проговорат за насилството. Во овој сегмент на превентивна заштита може да го искористиме и потенцијалот на ученичкиот правобранител и ученичкиот парламент воопшто, кои се залагаат за ученичките права и безбедност на учениците.

Одделенските раководители и раководителите на паралелките на часот на одделенска заедница ќе разработуваат содржини, ќе спроведуваат работилници, интерактивни вежби и дискусии на теми поврзани со спречувањето и заштитата од насилство, согласно потребите на паралелката.

Во рамки на воннаставните активности ќе се организираат активности поврзани со спречувањето и заштитата од насилство какви што се едукација, интерактивни вежби, дискусии, врсничка едукација како и посети во и од страна на институции кои работат на спречување и заштита од насилство. Исто така ќе бидат изготвени и дистрибуирани флаери на оваа тема.

Наставниците, стручните соработници и директорот на училиштето се должни да го препознаат насилството. Доколку некој од вработените се сомнева на насилство, информацијата ќе ја сподели со стручните соработници и релевантни наставници кои понатаму ќе ја следат состојбата или ќе продолжат со мерките за заштита од насилство.

Постапката за идентификување на насилство или занемарување и злоупотреба во училиштето е следнава и за учебната 2026/27год. Според Правилникот за справување со насилство од МОН, ќе се придржуваме кон протоколот во случај на насилство кој е унифициран и направен со цел полесно справување во вакви ситуации.

Назначено е контакт лице за пријавување насилство,училишниот психолог и негова замена.

- Насилство може да пријави ученик, наставник или родител;
- Потполнува пријавен лист, односно изјава за насилството кај стручните соработници психолог и педагог;
- Стручните соработници, по потреба и директорот (доколку станува збор за посериозен чин на насилство), разговараат со ученикот или наставникот;
- Се повикува родител на разговор;
- Доколку е потребно ќе се вклучуваат институции во случајот (Центар за социјална работа, МВР Свети Николе итн.)

Во ситуации кога имаме случај на насилство или препознаваме семејно насилство кое се одразува на ученикот од месец август се планира унифицирана постапка која ќе биде протокол во вакви ситуации и каде со стандардизирани инструменти стручните соработници ќе направат проценка на ризик и чекори за понатамошно постапување. Тие чекори се конкретно дадени на обуката реализирана од МОН во соработка со Комора на психолози на РС.Македонија и ќе бидат дистрибуирани во училиштата кон крајот на месец август.

Во учебната 2026/27 година планирана е континуирана соработка и поддршка од страна на МВР Свети Николе, отсек за превенција, како и Центар за социјална работа и политика, Свети Николе со кои и досега сме имале одлична соработка.

# 16. ОЦЕНУВАЊЕ

## 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Оценувањето претставува составен дел од воспитно-образовниот процес и е еден од најзначајните механизми за следење, вреднување и унапредување на постигањата на учениците. Преку процесот на оценување се добиваат релевантни информации за степенот на усвоеност на знаењата, развојот на вештините, формирањето на ставовите и напредокот на учениците во однос на поставените воспитно-образовни цели.

Современите концепции на образованието го третираат оценувањето како континуиран процес кој не служи само за утврдување на успехот, туку и како средство за поддршка на учењето и развојот на секој ученик. Со примена на различни форми и методи на оценување се обезбедува објективен увид во постигањата на учениците и се создаваат услови за планирање на соодветни активности за нивен понатамошен развој.

Во ООУ „Даме Груев“ с. Ерџелија оценувањето се реализира како транспарентен, континуиран и развоен процес кој ги почитува индивидуалните карактеристики, способности, интереси и потреби на учениците. Особено внимание се посветува на инклузивниот пристап и обезбедувањето еднакви можности за успех на сите ученици.

Основна цел на оценувањето е да го поддржува учењето на учениците, да обезбедува навремена повратна информација за нивниот напредок и да придонесува кон постигнување на очекуваните резултати од учењето и компетенциите утврдени со националните стандарди.

Нашето училиште има воспоставено јасен и функционален систем за оценување кој е во согласност со:

- Законот за основното образование;
- Концепцијата за основно образование;
- Правилникот за начинот на оценување на учениците;
- Правилникот за начинот на оценување на учениците со попреченост;
- Националните стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование;
- Други подзаконски акти и насоки донесени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Следењето и проверувањето на напредокот и успехот на учениците го вршат наставниците во текот на целата учебна година. Постигањата на учениците се проверуваат преку формативно и сумативно оценување и се евидентираат со описни и/или бројчани оценки.

Бројчаните оценки се:

- Одличен (5)
- Многу добар (4)
- Добар (3)
- Доволен (2)
- Недоволен (1)

Сите оценки се преодни, освен оценката недоволен (1). Највисока оценка е одличен (5). Оценувањето на учениците се врши согласно стандардите за оценување утврдени во наставните програми, како и критериумите за бројчано оценување подготвени од Бирото за развој на образованието.

Наставниците го планираат процесот на оценување, избираат соодветни методи и инструменти, го реализираат процесот на следење и вреднување, формираат оценки, вршат анализа на резултатите и ги користат добиените сознанија за подобрување на наставата и за планирање на идните активности. Начинот на оценување се приспособува на индивидуалните карактеристики на секој ученик, неговите когнитивни способности, потенцијали, интереси и начин на изразување.

**Видови оценување**

❖ **Дијагностичко оценување**

Дијагностичкото оценување се реализира на почетокот на учебната година, на почетокот на нова наставна тема или кога наставникот има потреба да ги утврди претходните знаења и искуства на учениците.

Неговата основна цел е:

- утврдување на предзнаењата;
- согледување на способностите и вештините на учениците;
- идентификување на потешкотиите во учењето;
- планирање на наставата според потребите на учениците.

Добиените информации служат како основа за диференцирање и индивидуализирање на наставата.

❖ **Формативно оценување**

Формативното оценување претставува континуиран процес на следење, проверување и вреднување на напредокот на учениците во текот на наставниот процес.

Неговата цел е:

- да обезбеди докази за напредокот на учениците;
- да овозможи навремена повратна информација;
- да ги поттикне учениците кон самостојно учење;
- да придонесе за развој на критичко размислување и самопроценување.

Во текот на наставата редовно се следат:

- активноста на учениците;
- мотивираноста за работа;
- одговорноста во извршувањето на задачите;
- соработката и тимската работа;
- креативноста;
- способноста за решавање проблеми;
- практичната примена на стекнатите знаења.

Резултатите од формативното оценување не се користат само за формирање оценка, туку и за подобрување на квалитетот на наставата и учењето.

❖ **Сумативно оценување**

Сумативното оценување се реализира по завршување на одредена наставна целина, тема, тримесечје, полугодие или на крајот на учебната година.

Целта на сумативното оценување е:

- да се утврди степенот на оствареност на резултатите од учењето;
- да се вреднуваат постигањата на учениците;
- да се формира соодветна оценка;
- да се обезбедат податоци за следење на образовниот напредок.

Сумативната оценка по слободните изборни предмети се формира врз основа на:

- редовноста;
- ангажираноста;
- учеството во наставните активности;
- напредокот во стекнувањето на знаења, вештини и ставови.

**Методи и инструменти за оценување**

При оценувањето наставниците користат различни методи и инструменти со цел да се обезбеди објективност, валидност и доверливост на резултатите.

***Методи за усно проверување***

- разговор;
- дискусија;
- дебата;
- усно излагање;
- усно испрашување;
- презентации;
- опишување и образложување на наученото.

***Методи за оценување на писмени одговори***

- контролни задачи;
- тестови на знаење;
- работни листови;
- есеи;
- литературни творби;
- истражувачки извештаи;
- проектни задачи;
- портфолија.

***Методи за проверка на практична оспособеност***

- практични активности;
- лабораториски вежби;
- музички и драмски изведби;
- спортски активности;
- изработка на модели и макети;
- реализација на проекти.

**Инструменти за оценување**

За формативно оценување се користат:

- анегдотски белешки;
- протоколи за набљудување;
- евидентни листови;
- чек-листи;
- рубрики за проценка;
- самоевалуација и меѓусебна евалуација.

За сумативно оценување се користат:

- тестови;
- аналитички листи за проценка;
- холистички листи за проценка;
- портфолио;
- проектни задачи;
- практични изработки.

### Календар на оценувањето

Во учебната 2026/2027 година оценувањето ќе се реализира континуирано во текот на наставниот процес.

Родителите и учениците ќе бидат информирани за напредокот и постигањата:

1. на крајот на првото тримесечје;
2. на крајот на првото полугодие;
3. на крајот на третото тримесечје;
4. на крајот на учебната година.

Информирањето ќе се врши преку евидентни листови, родителски средби, индивидуални разговори и електронска комуникација.

### Национални стандарди за постигањата на учениците

Оценувањето на знаењата, вештините и ставовите се темели врз осум подрачја на националните стандарди.

**I. Јазична писменост**

Ова подрачје ги опфаќа компетенциите за читање, пишување, слушање, говорење и разбирање на различни видови текстови. Учениците се оспособуваат правилно да комуницираат, да ги изразуваат своите мислења и да користат разновидни извори на информации.

**II. Користење други јазици**

Подрачјето се однесува на стекнување компетенции за комуникација на странски јазици. Покрај англискиот јазик, во училиштето како втор странски јазик се изучува германскиот јазик, со што се поттикнува мултикултурна комуникација и меѓународна соработка.

**III. Математика и природни науки**

Опфаќа компетенции за математичко размислување, решавање проблеми, истражување и примена на научни сознанија во секојдневниот живот.

**IV. Дигитална писменост**

Учениците развиваат способности за безбедно, одговорно и креативно користење на дигиталните технологии, пребарување и обработка на информации и дигитална комуникација.

**V. Личен и социјален развој**

Ова подрачје придонесува за развој на самодовербата, одговорноста, емпатијата, почитувањето на различностите и способноста за соработка.

**VI. Општество и демократска култура**

Се развиваат компетенции поврзани со човековите права, демократските вредности, активно граѓанство и одговорно учество во општествениот живот.

**VII. Техника, технологија и претприемништво**

Ова подрачје ги развива иновативноста, претприемачкиот дух, финансиската писменост, креативноста и способноста за практично решавање проблеми.

**VIII. Уметничко изразување и култура**

Учениците ги развиваат своите креативни потенцијали преку музичко, ликовно, литературно и други форми на уметничко изразување и активно учество во културниот живот.

**16.2. Тим за следење, анализа и поддршка**

Следењето, анализата и поддршката на наставниците во процесот на оценувањето се реализира од:

1. директорот на училиштето;
2. стручната служба;
3. советниците од Бирото за развој на образованието.

Следењето се однесува на квалитетот на воспитно-образовната работа, примената на современи методи за оценување, усогласеноста со националните стандарди и почитувањето на законските прописи.

По секое следење наставниците добиваат извештај со препораки и насоки за понатамошно професионално усовршување.

Врз основа на добиените резултати се планираат:

1. менторска поддршка;
2. интерни обуки;
3. размена на добри практики;
4. професионални консултации;
5. активности за унапредување на оценувањето.

**16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар**

Во учебната 2026/2027 година директорот и стручните соработници ќе реализираат стручни посети согласно годишниот план за работа.

Посетите ќе се реализираат најмалку два пати во текот на учебната година:

1. октомври 2026 година;
2. март 2027 година.

При посетите ќе се следат:

1. планирањето на наставата;
2. реализацијата на наставниот процес;

3. примената на активни методи на учење;
4. оценувањето и давањето повратна информација;
5. инклузивноста;
6. користењето на ИКТ во наставата.

Стручните посети имаат формативен карактер и се насочени кон професионален развој и подобрување на квалитетот на наставата.

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Самоевалуацијата претставува процес преку кој училиштето врши систематско следење и вреднување на сопствената работа со цел континуирано подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Согласно законските прописи, училиштето спроведува самоевалуација на секои две години. Самоевалуацијата ја реализира училишна комисија составена од претставници на наставниците, стручните соработници и родителите, формирана од Училишниот одбор по предлог на директорот.

Во процесот на самоевалуација се анализираат:

7. наставата и учењето;
8. постигањата на учениците;
9. професионалниот развој на кадарот;
10. училишната клима;
11. соработката со родителите и локалната средина;
12. управувањето и раководењето со училиштето.

По завршување на самоевалуацијата се изготвува извештај со препораки и мерки за подобрување на квалитетот на работата, кој се доставува до Училишниот одбор, директорот и основачот на училиштето. Добиените сознанија ќе претставуваат основа за планирање на развојните цели и приоритети на училиштето во учебната 2026/2027 година.

## 17. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Во текот на учебната 2026/2027 година, училиштето ќе продолжи да спроведува мерки за обезбедување сигурна и безбедна средина за сите ученици и вработени. Безбедноста ќе се одржува преку системот за видеонадзор поставен во ходниците и на одредени делови од училишниот двор, како и преку организирани дежурства на наставниот кадар.

Наставниците ќе вршат дежурства според однапред утврден распоред за време на малите и големиот одмор, како и пред почетокот и по завршувањето на наставата. За време на големиот одмор ќе се обезбеди присуство на дежурни наставници и во училишниот двор. Во училниците, редот и дисциплината ќе ги следат дежурни ученици, кои ќе се определуваат на неделно ниво.

Со цел унапредување на безбедносната култура кај учениците, во текот на учебната година ќе се организира посета од Противпожарното друштво од Свети Николе. Во рамките на посетата ќе бидат изведени практични демонстрации за гаснење пожар, како и симулациска вежба за безбедна евакуација во случај на пожар или други елементарни непогоди.

Во рамките на наставната програма по предметот „Вештини за живеење“, во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување од Општина Свети Николе, ќе се реализираат едукативни активности преку кои учениците ќе стекнат знаења и практични вештини за правилно постапување во вонредни ситуации.

Училиштето и понатаму ќе ја негува успешната соработка со Црвениот крст од Општина Свети Николе. Во текот на учебната година ќе се организираат едукативни предавања и практични демонстрации за укажување прва помош, при што учениците ќе имаат можност да се запознаат со основните постапки за правилно реагирање и заштита при повреди и други итни ситуации.

## 18. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

Грижата за здравјето е еден од најважните сегменти, во воспитно-образовниот процес, посебно во средина каде што коегзистира нашето училиште, затоа што има ученици од воспитно-запуштени семејства каде што грижата од страна на училиштето е многу важна за да се надополни она што недостасува во однос на воспитно образовниот дел во семејствата, како на многу други теми, така и на полето на здравствената заштита.

За таа цел, во 2026/27година ќе се врши редовна едукација во поглед на превземање мерки за спречување и ширење на заразни болести. Се врши едукација за здрава исхрана, лична хигиена и хигиена на животниот простор и како таа влијае врз здравјето. Се прават работилници на оваа тема. Се врши редовна едукација во поглед на превземање мерки за спречување и ширење на заразни болести.

Се води сметка за условите за престој и работа во училиштето, соодветно осветлување, затоплување на просторот, хигиена, продуктите кои ги внесуваат за исхрана учениците итн.

Нашето училиште води грижа за здравјето на учениците и вработените преку систематски прегледи како на учениците секоја учебна година, така и за вработените на секои две години.

Во последните години посебно внимание се посветува на грижата за менталното здравје на учениците, така што училиштниот психолог предвидвидува и реализира низа активности на оваа тема од типот на работилници, брошури, тестови на самопроценка на личност, социометриски постапки за испитување на групна кохезија во одделението итн.

Доколку има потреба одделенскиот раководител се консултира со училишниот психолог кој понатаму ќе се консултира со соодветни стручни лица од „Завод за ментално здравје“- Скопје, како и советувалишта, психијатриски установи, матични лекари на ученици и слично, се со цел да се води поголема грижа за менталното здравје.

## 18.1. Хигиена во училишето

Хигиената во училиштето е заедничка одговорност на сите во училиштето така што вработените и учениците како дел од овој процес се директно поврзани со истата. Техничкиот персонал е одговорен за одржување на хигиената во училиштните простории, како и уредување на училиштниот двор пред и по завршување на часовите.

Во сите училиштни простории има поставено корпи за отпадоци, а сите чинители на воспитно-образовниот процес се директно вклучени во одржување на хигиена во училиштето.

И за наредната 2026/27 учебна година како и оваа се планира организирање на еко-акции со учениците, кога се чисти околината и се уредува училишниот двор.

## 18.2. Систематски прегледи

Со систематски прегледи во учебната 2026/27 година ќе се опфатат учениците од прво, трето, петто, седмо и деветто одделение во централното, така и во подрачните училишта до петто одделение.

Во договор со Здравствениот дом - Свети Николе, систематските прегледи се извршуваат во училиштето внимавајќи притоа да не се наруши воспитно-образовниот процес.

Се вршат и редовни систематски прегледи на вработените на секои две години така што во 2026/27 ќе треба да се извршат и систематски прегледи за вработените.

### 18.3. Вакцинирање

Вакцинирањето на учениците се одвива во соработка со Здравствениот дом Свети Николе, при што одделението за вакцинација испраќа покани за истата до родителите, а доколку ученикот не се јави на вакцинација, училиштето преку одделенскиот раководител го потсетува родителот и ученикот за обврската за редовна иминизација.

Досега сите ученици што биле запишани во нашето училиште имале потврди за редовна вакцинација и имунизација, така и во наредната учебна година сите ученици кои ќе тргнуваат  за првпат на училиште имаат уреден картон за вакцинација, со потврда издадена од Здравствениот дом во Свети Николе.

### 18.4. Едукација за здрава исхрана-оброк во училиштата

Училиштето не е во можност да организира оброк за учениците и поради тоа учениците самостојно се организираат, односно родителите сами ја организираат исхраната на своето дете.

Доколку ја прифатиме пилот програмата во септември, училиштето ќе биде обврзано да обезбеди храна и чиста вода за пиење бидејќи како што е планирано во проширената програма со дневен престој, учениците ќе останувaат на училиште до 15 часот.

Училиштето внимава во училишната зграда да не се внесуваат газирани и енергетски пијалоци, никотин, брза храна, чипсови и слично. Се пропагира да се внесува здрава храна, повеќе овошје и храна подготвена по можност од дома, збогатена со зеленчук. Ова е земјоделски крај кој изобилува со домашни продукти кои може да се искористат во исхраната и на училиште со соодветно планирање и организирање на оброкот од дома и на ова постојано им се укажува на родителите и учениците.

На 16 октомври - Светскиот ден на здрава храна, како и секоја година и оваа учебна година се планира одржување на едукативна работилница за здрава храна со однапред испланирани активности од страна на еко одборот. Со цел активностите комплетно да се реализираат, се воспоставува корелација со активите во училиштето, стручните соработници и родителите на учениците. Оваа учебна година имавме традиционална трпеза со здрави јадења и наидовме на соработка со родителите, така што со Советот на родители е договорено оваа трпеза да стане традиционална и да се одржува секоја година,па и наредната 2026/27година.

## 19. УЧИЛИШНА КЛИМА

### 19.1. Дисциплина

Во нашето училиште и оваа учебна година ќе продолжи да се применува Кодексот на однесување, кој ги опфаќа основните правила и норми на однесување за учениците и вработените. Со цел сите ученици да бидат запознаени со неговата содржина, примерок од Кодексот е истакнат во секоја училница и е достапен за секој ученик.

За обезбедување позитивна, безбедна и дисциплинирана училишна средина, воспоставен е распоред за дежурства на наставниците во училишниот објект и дворот. Наставниците дежураат по катовите, во холот и во останатите заеднички простории, следејќи го почитувањето на училиштните правила.

Во случаи кога ќе се забележи несоодветно или недисциплинирано однесување кај ученик, предметниот или дежурниот наставник навремено го известува одделенскиот раководител. Потоа, информацијата се доставува до стручната служба, која во соработка со останатите чинители презема соодветни воспитно-образовни мерки со цел надминување на настанатата ситуација и поттикнување на одговорно однесување.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Се со цел на создавање пријатна, уредна и функционална училишна средина, во уредувањето и разубавувањето на училишниот двор активно се вклучуваат учениците, техничкиот персонал, наставникот по биологија и останатите наставници во соработка со стручните активи во училиштето и Училиштниот  парламент. Во реализацијата на одредени активности свој придонес даваат и родителите, кои преку заедничка соработка учествуваат во подобрувањето на училишната средина.

Овие активности се тесно поврзани со воспитно-образовниот процес и се реализираат по повод значајни еколошки датуми и настани, како што се Ден на екологијата, Ден на планетата Земја, Еко час и слично. Нивното планирање и координирање се врши од страна на наставниците по биологија и физика, со цел да се поттикне еколошката свест, одговорноста кон животната средина и активното учество на сите чинители во училиштниот живот.

### 19.3. Етички кодекси

Постоечките кодекси и правилници редовно се ревидираат и усогласуваат со актуелните потреби на воспитно-образовниот процес. Во текот на оваа учебна година, покрај нивната примена, ќе бидат воведени и нови кодекси и правилници кои ќе придонесат за поголема транспарентност и објективност во работењето на училиштето. Меѓу нив се Кодексот за избор на првенец на генерација и Кодексот за избор на просветен работник.

Со цел сите ученици, наставници и родители навремено да бидат информирани, дел од кодексите и правилниците ќе бидат истакнати на видно место во училиштето, а ќе бидат достапни и на веб-страницата на училиштето, овозможувајќи лесен пристап до информациите за целата училишна заедница.

### 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Преку редовни средби и состаноци по потреба, сите чинители на воспитно образовниот процес ќе имаат можност навремено да ги идентификуваат евентуалните предизвици во комуникацијата и функционирањето на училиштето, заеднички да ги разгледуваат различните мислења и да изнаоѓаат ефикасни решенија за нивно надминување. На тој начин ќе се овозможи побрзо и поквалитетно справување со сите ситуации што можат да влијаат врз училишната клима и благосостојбата на учениците и вработените.

Покрај работните состаноци, ќе се организираат и различни активности насочени кон зајакнување на меѓусебните врски и чувството на заедништво, како што се едукативни и креативни работилници, свечености, културни и спортски настани, заеднички екскурзии и прошетки. Со вакви активности ќе се поттикнува позитивна училишна атмосфера, поголема вклученост и активно учество на сите членови на училишната заедница.

## 20. ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

Во учебната 2026/2027 година училиштето ќе посвети посебно внимание на професионалниот и кариерниот развој на воспитно-образовниот кадар, имајќи ја предвид неговата клучна улога во обезбедувањето квалитетен воспитно-образовен процес и создавањето услови за успешно учење и развој на учениците.

Професионалниот развој претставува континуиран процес на стекнување нови знаења, вештини и компетенции, преку кој наставниците и стручните соработници ги унапредуваат своите професионални капацитети и се оспособуваат за успешно справување со современите образовни предизвици.

Стратегијата за професионален развој во нашето училиште се темели на систематско следење на потребите на кадарот, индивидуализиран пристап кон професионалното усовршување, меѓусебна поддршка и размена на искуства, како и создавање училишна култура во која учењето и професионалното напредување претставуваат трајни вредности.

Во руралните училишта, особено во училиштата со подрачни училишта, потребата од континуиран професионален развој е уште поизразена поради географската оддалеченост, ограничените ресурси и специфичните услови во кои се реализира воспитно-образовната дејност. Оттука, училиштето ќе настојува да обезбеди еднаков пристап до можностите за професионално усовршување за сите наставници и стручни соработници.

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Планирањето на професионалниот развој започнува со систематско утврдување на потребите на наставниците и стручните соработници. Детектирањето на потребите не претставува еднократна активност, туку континуиран процес кој се темели на анализа на воспитно-образовната практика, резултатите од работата, професионалните интереси на наставниците и развојните приоритети на училиштето.

На почетокот на учебната година ќе се реализира анализа на професионалните потреби преку:

- анонимни анкети;
- индивидуални разговори со наставници и стручни соработници;
- консултации со директорот и стручната служба;
- анализа на резултатите од самоевалуацијата;
- согледувања од интерната и интегралната евалуација;
- анализа на постигањата на учениците;
- анализа на новите образовни политики и законски промени.

Врз основа на добиените податоци ќе се утврдат приоритетни области за професионален развој, како што се:

- современи наставни методи и стратегии;
- формативно и сумативно оценување;
- инклузивно образование;
- работа со ученици со различни образовни потреби;
- дигитални компетенции;
- примена на ИКТ во наставата;
- развој на комуникациски и социјални вештини;
- управување со училница и мотивација на учениците.

Во училиштето е формиран Тим за професионален развој во состав:

1. Директор;
2. Педагог;
3. Психолог;
4. Претседател на Активот на одделенска настава;
5. Претседател на Природно-математичкиот актив;
6. Претседател на Општествено-јазичниот актив;
7. Претседател на Уметничко-спортскиот актив.

На почетокот на учебната година секој наставник и стручен соработник изработува Личен план за професионален развој по унифициран образец. Плановите се доставуваат до Тимот за професионален развој и претставуваат основа за креирање на Годишната програма за професионален развој на училиштето.

### 20.2. Активности за професионален развој

Врз основа на утврдените потреби, во текот на учебната година ќе се реализираат различни форми на професионално усовршување со цел континуирано унапредување на компетенциите на воспитно-образовниот кадар.

Професионалниот развој ќе се реализира преку:

- интерни обуки;
- работилници;
- стручни предавања;
- семинари;
- конференции;
- вебинари;
- советувања;
- акредитирани обуки организирани од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Во моментот на изготвување на Годишната програма се достапни каталози на акредитирани обуки за наставници и стручни соработници. Секој наставник и стручен соработник ќе избере најмалку две обуки кои одговараат на неговите професионални потреби и интереси.

Наставниците кои ќе посетуваат обуки имаат обврска стекнатите знаења и искуства да ги пренесат на останатите колеги преку организирање десеминации, презентации, работилници или стручни состаноци.

Во текот на учебната година се планираат следните активности:

- состаноци на Тимот за професионален развој;
- изработка на акциски планови на ниво на стручни активи;
- изготвување Годишна програма за професионален развој;
- следење на реализацијата на планираните активности;
- учество на обуки, семинари и конференции;
- организирање интерни обуки и десеминации;
- размена на добри практики;
- водење професионално портфолио;
- подготовка на извештаи за реализирани активности.

На крајот на учебната година секој наставник и стручен соработник ќе изготви извештај за реализација на својот личен план за професионален развој. Врз основа на поединечните извештаи ќе биде подготвен збирен извештај на ниво на училиште.

### 20.3. Личен професионален развој

Личниот професионален развој претставува важен сегмент од професионалното усовршување на секој наставник и стручен соработник.

Покрај учеството во организирани форми на обука, наставниците ќе бидат поттикнувани континуирано да работат на сопствениот професионален развој преку:

- следење стручна литература;
- користење современи образовни ресурси;
- истражување нови наставни пристапи;
- креирање иновативни наставни материјали;
- учество во професионални мрежи и заедници;
- користење дигитални платформи за учење;
- рефлексија и самоевалуација на сопствената практика.

Личниот професионален развој придонесува за развивање на критичко размислување, самостојност, креативност и професионална одговорност. Таквиот наставник не е само реализатор на наставната програма, туку и иницијатор на промени, истражувач и лидер во процесот на учење.

### 20.4. Хоризонтално учење

Хоризонталното учење претставува организирана форма на професионален развој која се заснова на размена на знаења, искуства и добри практики помеѓу колегите.

Соработката меѓу наставниците претставува еден од најзначајните ресурси за професионален развој во училиштето и придонесува кон создавање позитивна професионална клима и култура на заедничко учење.

Во текот на учебната 2026/2027 година ќе се реализираат:

- отворени часови;
- интерни обуки;
- работилници;
- тематски дискусии;

- презентации на добри практики;
- заеднички планирања;
- професионални консултации во рамките на стручните активи.

По реализацијата на отворените часови ќе се организираат рефлексивни дискусии преку кои наставниците ќе ги анализираат наставните пристапи, постигнатите резултати и можностите за понатамошно унапредување на практиката.

На овој начин ќе се развива средина во која секој наставник има можност истовремено да биде и ученик и ментор.

**20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар**

Професионалниот развој претставува основа за кариерниот развој на наставниците и стручните соработници. Кариерниот развој овозможува препознавање и вреднување на професионалните компетенции, резултатите од работата и придонесот во развојот на училиштето.

Наставниците ќе бидат охрабрувани да напредуваат во професионалните звања согласно законските прописи и критериумите утврдени од Министерството за образование и наука.

Процесот на напредување се темели на принципите на:

- транспарентност;
- објективност;
- еднаквост;
- професионалност.

При проценката на кандидатите за напредување во звање се користат информации добиени од:

- директорот;
- стручните соработници;
- наставниците;
- учениците;
- родителите;
- педагошката документација;
- професионалното портфолио.

За прибирање на мислењата и ставовите ќе се користат:

- анкети за ученици;
- анкети за наставници;
- анкети за родители;
- интервјуа и разговори;
- увид во документација.

Анкетите за учениците и наставниците ќе ги спроведува Тимот за професионален развој, додека анкетите за родителите ќе ги организира Советот на родители.

За подрачјето „Комуникација и соработка со семејството и заедницата“ како извори на податоци ќе се користат:

- Годишниот извештај за работа на училиштето;
- записници и извештаи;
- евиденција за реализирани активности;
- документирана соработка со родители и локална заедница;
- информатори и промотивни материјали.

Професионалниот и кариерниот развој претставуваат долгорочна инвестиција во квалитетот на воспитно-образовната работа. Училиштето кое инвестира во развојот на својот кадар инвестира во успехот на учениците, во подобрување на наставата и во создавање современа и квалитетна образовна средина.

Затоа училиштето и во учебната 2026/2027 година ќе продолжи систематски да го поддржува професионалниот и кариерниот развој на наставниците и стручните соработници, создавајќи услови за доживотно учење, професионално напредување и активно учество во развојот на училиштето.

## 21. СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ

Соработката помеѓу ООУ „Даме Груев“ с. Ерџелија и родителите/старателите претставува еден од најважните предуслови за успешно реализирање на воспитно-образовниот процес и за севкупниот развој на учениците. Таа се темели на взаемна доверба, почитување, отворена комуникација, партнерство и заедничка одговорност за благосостојбата, напредокот и успехот на секое дете.

Училиштето ги препознава родителите како рамноправни партнери во воспитувањето и образованието и настојува активно да ги вклучи во планирањето, реализацијата и унапредувањето на училишниот живот. Преку континуирана соработка се создава позитивна училишна клима, се зајакнува довербата и се овозможува навремено препознавање и надминување на предизвиците со кои се соочуваат учениците.

*Цели на соработката:*

- развивање партнерски односи меѓу училиштето и семејството;
- обезбедување навремена и транспарентна размена на информации;
- поттикнување активно учество на родителите во воспитно-образовниот процес;
- заедничко следење на напредокот, развојот и постигањата на учениците;
- создавање безбедна, инклузивна и поттикнувачка средина за учење и развој;
- зајакнување на одговорноста на сите чинители за квалитетно образование.

*Форми на соработка:*

Соработката со родителите ќе се реализира преку:

- редовни и вонредни родителски средби;
- индивидуални разговори со одделенските и предметните наставници, стручната служба и директорот;
- електронска комуникација преку електронскиот дневник, телефон, електронска пошта и други дигитални алатки;
- анкети, прашалници и консултации за прашања од значење за работата на училиштето;
- едукативни предавања, трибини и работилници на теми поврзани со родителството, безбедноста, менталното здравје, дигиталната писменост, превенцијата од насилство, зависности и други актуелни прашања;
- активно учество на родителите во реализацијата на училишни проекти, приредби, спортски, еколошки, културни, хуманитарни, ПХВ и ВЕЛО активности;
- соработка преку Советот на родители и вклучување во донесувањето одлуки од интерес за училиштето.

*Активно учество на родителите*

Училиштето ќе продолжи да ги поттикнува родителите активно да учествуваат во организирањето и реализацијата на училиштните активности, со што се зајакнува чувството на заедништво, припадност и заедничка одговорност за успехот и благосостојбата на учениците. Родителите ќе бидат охрабрени да ги споделуваат своите идеи, предлози и искуства и да придонесуваат во креирањето позитивна училишна средина.

Посебно внимание ќе се посвети на поддршката на семејствата на учениците со посебни образовни потреби, како и на семејствата кои имаат потреба од дополнителна стручна и советодавна помош, во соработка со стручната служба и надлежните институции.

*Очекувани резултати*

Со континуирана, отворена и конструктивна соработка помеѓу училиштето и родителите ќе се овозможи:

- подобрување на успехот, редовноста и дисциплината на учениците;
- навремено решавање на воспитно-образовните предизвици;
- поголема вклученост на родителите во животот на училиштето;
- јакнење на меѓусебната доверба и партнерските односи;
- создавање позитивна, безбедна и инклузивна училишна клима;
- развој на одговорни, самостојни, мотивирани и успешни ученици.

Училиштето ќе продолжи да ја унапредува соработката со родителите како еден од своите стратешки приоритети, уверено дека само преку заемна доверба, партнерство и активна комуникација може успешно да се реализираат воспитно-образовните цели и да се обезбедат најдобри услови за растот и развојот на секој ученик.

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Активната вклученост на родителите и старателите во животот и работата на ООУ „Даме Груев“ с. Ерџелија претставува еден од најважните предуслови за успешно реализирање на воспитно-образовниот процес и за создавање позитивна, безбедна и поттикнувачка училишна средина. Современото образование се темели на партнерство меѓу училиштето и семејството, при што заедничката соработка придонесува за целосен развој, благосостојба и успех на секој ученик.

Училиштето ги охрабрува родителите активно да се вклучуваат во планирањето, организацијата и реализацијата на училишните активности, како и во процесите на донесување одлуки кои се од значење за воспитно-образовната работа. Со тоа се гради меѓусебна доверба, се зајакнува чувството на припадност кон училиштето и се создаваат услови за поуспешна соработка меѓу сите учесници во образовниот процес.

*Форми на вклученост на родителите/старателите*

Родителите и старателите активно ќе се вклучуваат преку:

- редовна комуникација со одделенските и предметните наставници, стручната служба и директорот, преку родителски средби, индивидуални разговори, електронскиот дневник, телефонска и електронска комуникација;
- учество во Советот на родители и други училишни тела, каде ќе даваат мислења, иницијативи и предлози за унапредување на работата на училиштето;
- учество во организирање и реализација на училишни активности, како што се приредби, изложби, спортски манифестации, еколошки акции, хуманитарни акции, ПХВ и ВЕЛО активности, проекти, екскурзии и други настани;
- присуство на едукативни работилници, трибини и предавања посветени на теми од интерес за родителите, како што се позитивното родителство, безбедноста на интернет, дигиталната писменост, превенцијата од насилство, менталното здравје, здравите животни навики и развојните потреби на децата;
- соработка во обезбедување поддршка за учениците со посебни образовни потреби, преку учество во изработката и реализацијата на индивидуалните образовни планови и континуирана комуникација со наставниците и стручната служба;
- учество во анкети, консултации и евалуации, со цел добивање повратни информации и унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа.

*Цели на вклученоста*

Активното учество на родителите има за цел:

- развивање партнерски односи меѓу училиштето и семејството;
- подобрување на успехот, редовноста и поведението на учениците;
- навремено препознавање и надминување на воспитно-образовните предизвици;
- создавање позитивна, безбедна и инклузивна училишна средина;
- јакнење на чувството на заедничка одговорност за развојот на учениците;
- поттикнување активно учество на родителите во животот и развојот на училиштето.

Континуираната соработка помеѓу училиштето и семејството придонесува за подобри воспитно-образовни резултати, поголема мотивација кај учениците и создавање училишна средина заснована на доверба, почитување и меѓусебна поддршка. Училиштето ќе продолжи да ги развива сите форми на партнерство со родителите, уверено дека заедничката соработка е основа за успешно образование и правилен развој на секое дете.

**21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонннаставните активности**

Вклученоста на родителите и старателите во процесот на учење и во реализацијата на воннаставните активности претставува значаен фактор за создавање поддржувачка, мотивирачка и стимулативна воспитно-образовна средина. Активното партнерство меѓу училиштето и семејството придонесува за поголема мотивација, самодоверба и подобри образовни постигнувања кај учениците.

Училиштето настојува да развива отворена и континуирана соработка со родителите, со цел тие да бидат активно вклучени во различни аспекти од училишниот живот.

*Вклученост на родителите во процесот на учење*

Родителите/старателите се вклучуваат преку:

- редовна комуникација со наставниците, стручната служба и раководството на училиштето;
- следење на напредокот и постигањата на учениците преку електронскиот дневник и други комуникациски канали;
- учество во индивидуални и групни консултации и родителски средби;
- поддршка на учениците во реализација на домашни задачи, проекти и истражувачки активности;
- давање предлози и мислења за унапредување на наставниот процес и училишната клима.

*Вклученост во воннаставни активности*

Родителите активно учествуваат и во воннаставниот живот на училиштето преку:

- учество во организација и реализација на училишни екскурзии, излети и посети;
- вклучување во културни, спортски, еколошки, хуманитарни и ПХВ активности;
- поддршка и учество во училишни настани, приредби, отворени денови и тематски денови;
- соработка во рамките на ВЕЛО активностите и други проекти од училишниот развој;
- учество како гости-презентери, ментори или соработници, споделувајќи знаења и искуства од својата професија или хоби.

*Едукативна поддршка за родителите*

Училиштето организира и едукативни работилници и советувања за родителите на теми поврзани со современото родителство, комуникацијата со децата, дигиталната безбедност, мотивацијата за учење и поддршката на развојот на учениците.

*Заклучок*

Активната вклученост на родителите придонесува за зајакнување на соработката меѓу семејството и училиштето, создавање чувство на заедништво и подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. На тој начин се обезбедуваат услови за целосен развој на ученикот – како во академска, така и во личносна смисла.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Едукацијата на родителите и старателите претставува значаен сегмент во унапредувањето на воспитно-образовниот процес и во градењето партнерски односи меѓу училиштето и семејството. Преку континуирана едукација се овозможува родителите подобро да ги разберат развојните потреби на децата, да стекнат современи знаења и вештини и поефективно да ги поддржат во процесот на учење, воспитување и личен развој.

ООУ „Даме Груев“ с. Ерџелија ќе реализира различни форми на едукација на родителите, насочени кон актуелни и практични теми од интерес за семејството и воспитувањето.

*Форми на едукација*

Едукацијата на родителите ќе се реализира преку:

- Едукативни работилници и трибини на теми поврзани со детскиот развој, родителските стилови, поставување граници, емоционална интелигенција, социјални вештини и ментално здравје;
- Предавања и обуки на актуелни теми како дигитална безбедност, влијание на медиумите, справување со стрес, превенција од насилство, врснички односи и превенција од ризично однесување;
- Советувања и индивидуални разговори со стручната служба (педагог, психолог), со цел навремена поддршка и насочување при воспитни и образовни предизвици;
- Информативни материјали и дигитални ресурси, преку кои родителите ќе добиваат современи насоки, препораки и стручни содржини за работа со децата во домашни услови.

*Цел на едукацијата*

Целта на овие активности е поттикнување на активно, одговорно и свесно родителство, како и јакнење на соработката меѓу училиштето и семејството. Со тоа се создаваат услови за подобра комуникација, заедничко разбирање и поддршка, што директно придонесува за успехот, благосостојбата и целосниот развој на учениците.

Училиштето ќе продолжи да ја унапредува едукацијата на родителите како дел од својата воспитно-образовна политика и како важен сегмент на современото партнерско образование.

## 22. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Комуникацијата со јавноста претставува значаен сегмент од работењето на ООУ „Даме Груев“ с. Ерџелија и е важен предуслов за успешно функционирање на воспитно-образовниот процес. Како современа и отворена воспитно-образовна установа, училиштето не е само место за стекнување знаења, туку и активен чинител во локалната заедница кој придонесува за развојот на образовните, културните, спортските и општествените вредности.

Односите со јавноста претставуваат континуиран процес на комуникација и соработка со учениците, родителите, вработените, локалната самоуправа, институциите, медиумите, невладините организации и останатите партнери. Преку навремено, точно и

транспарентно информирање, училиштето ја зајакнува довербата на јавноста, го афирмира својот углед и создава партнерски односи кои придонесуваат за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа.

Цели на комуникацијата со јавноста

- навремено и транспарентно информирање на учениците, родителите и пошироката јавност;
- промоција на воспитно-образовните активности, проектите и постигнувањата на учениците и наставниците;
- афирмирање на добрите практики, иновативните пристапи и општествената одговорност на училиштето;
- развивање позитивен имиџ и углед на училиштето;
- зајакнување на соработката со родителите, локалната заедница и институциите;
- поттикнување активно учество на сите чинители во животот и развојот на училиштето.

*Комуникација во училиштето*

Комуникацијата претставува основа за успешно функционирање на училиштето и за градење позитивна училишна клима. Таа овозможува размена на информации, идеи и искуства меѓу сите учесници во воспитно-образовниот процес, придонесувајќи за подобра организација, меѓусебна доверба и партнерски односи.

Комуникацијата се реализира преку:

- внатрешна комуникација – помеѓу наставниците, стручната служба, директорот и останатите вработени;
- комуникација со учениците – преку секојдневна соработка, советување, ученички иницијативи и активности;
- комуникација со родителите – преку родителски средби, индивидуални разговори, електронска комуникација и информативни материјали;
- надворешна комуникација – преку соработка со локалната самоуправа, институциите, медиумите, невладините организации и партнерските училишта;
- дигитална комуникација – преку веб-страницата на училиштето, електронскиот дневник, официјалната Фејсбук-страница и други дигитални платформи.

*Клучни активности*

Во текот на учебната година училиштето ќе реализира:

- редовно информирање на родителите за воспитно-образовниот процес и училишните активности;
- објавување информации за реализираните активности, проекти, натпревари и успеси на веб-страницата, социјалните мрежи и огласните табли;
- соработка со локалните медиуми, особено со ТВ Свет, како и со локални интернет-портали и радио-станици;
- организирање приредби, изложби, отворени денови, јавни часови, спортски, културни, еколошки и хуманитарни активности;
- промоција на активностите од програмата Еразмус+, ПХВ, ВЕЛО, училишниот спортски клуб, ученичките секции и клубови;
- подготовка на училишни информатори, брошури и други промотивни материјали;
- навремено информирање на јавноста за сите активности од значење за училиштето.

*Соработка со заедницата*

ООУ „Даме Груев“ с. Ерџелија континуирано развива партнерски односи со локалната самоуправа, образовните и културните институции, здравствените установи, невладините организации, Црвениот крст, јавните претпријатија, стопанските субјекти и другите организации од локалната заедница.

Преку оваа соработка се реализираат едукативни, културни, еколошки, хуманитарни и спортски активности, проекти, работилници и јавни настани кои придонесуваат за развојот на учениците и за афирмација на училиштето како современа, инклузивна и општествено одговорна воспитно-образовна установа.

***Промоција на училиштето***

Промоцијата на училиштето се реализира преку учество на учениците и наставниците на натпревари, изложби, јавни настапи, културни и спортски манифестации, национални и меѓународни проекти, како и преку континуирано информирање на јавноста преку веб-страницата на училиштето, официјалната Фејсбук-страница, училишните публикации и локалната телевизија ТВ Свет.

Со професионална, транспарентна и двонасочна комуникација, училиштето ќе продолжи да ја зајакнува довербата на родителите и јавноста, да ја зголемува видливоста на своите активности и да го гради својот углед како квалитетна, современа и отворена воспитно-образовна установа.

## 23.СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Завеси во канцеларии | август –јуни 2026-2027 година | Комисија за јавни набавки | Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор |
| Набавка на врати во централното училиште | јануари- август 2026-27год. | Комисија за јавни набавки | Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор |
| Набавка на информатичка опрема | август - февруари 2026-2027год. | Комисија за јавни набавки | Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор |
| | јули – јануари 2026-2027год. | Комисија за јавни набавки | Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор |
| | август- август 2026-2027год. | Комисија за јавни набавки | Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор |

## 24.ЕВАЛУАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Евалуацијата на Годишната програма ќе се врши преку подрачјата за кои не вреднуваат и при интегралната евалуација, согласно измените во овој дел. Преку проучување на извештаите ,записниците од состаноци на активи, совети, полугодишни и годишни извештаи, ќе може да видиме колку од она што првично е планирано во годишната програма,било реализирано на крајот од учебната година.

Тимот за евалуација на спроведување на Годишната програма за работа на училиштето, на своите редовни состаноци ќе врши евалуација на постигнатите активности или причини за евентуално неисполнување на одредени планирани активности, поради надворешни фактори за кои ние како училиште немаме влијание.

## 25.ЗАКЛУЧОК

Годишната програма претставува значаен патоказ по кој ќе се работи и движи воспитно-образовниот процес во наредната 2026/27година. Овој документ е појдовна точка од каде почнува и како ќе се реализира и организира работата во училиштето.

Учебната година што следува 2026/27 год. најавува многу можни промени кои ќе треба да се изреализираат. Има доста новини и едукациите за промените веќе се во тек, посебно во делот за проширената програма, професионалната ориентација, справување со насилството, теми кои станаа актуелни во овој динамичен и модерен начин на живот. Сепак основната наша дејност е воспитно-образовниот процес и секогаш ќе гледаме да работиме во интерес на нашите ученици, а во соработка со родителите.

Годишната програма е примарен документ во работата на училиштето и претставува рамка во кој треба да се движиме при реализација на воспитно - образовниот процес во училиштето. Ги следи препораките од спроведената самоевалуација, како и искуствата од претходната учебна година, Годишниот извештај на училиштето, при што се издвојуваат најприоритетните подрачја на промени и активности кои треба да се реализираат.

Иако секогаш со голем труд и посветеност се трудиме успешно да го реализираме она што сме го планирале во Годишната програма за наредната учебна година, понекогаш од било кои причини, финансиски, временски услови итн. некои планирани идеи и активности не сме во можност да ги реализираме. Но, се обидуваме да најдеме поинаков начин за да може да се реализира и колку повеќе можеме во целост ефективно да ја реализираме програмата до крај. Во реализација на програмата голема улога има и соработката со родителите и локалната самоуправа, кои се наша подршка.

## 26.КОМИСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

1. Драгица Јованова - директор
2. м-р Габриела Милановска Ѓорѓиевска - стручен соработник - педагог
3. Катерина Ефремова-Владева - стручен соработник –психолог
4. Маја Давкова - наставник- советник и наставник по физика,природни науки и иновации
5. Софија Иванова Панева-библиотекар и наставник по македонски јазик
6. Благица Станојков-одделенски наставник
7. Катерина Димковска- наставник по биологија и природни науки
8. Елена Китанова Ѓошевска-наставник по англиски јазик
9. Теа Стојанова-претставник од ученички парламент

## 27.КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Закон за основно образование, Закон за наставници и стручни соработници, Закон за работни односи, Закон за јавни набавки, Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони
- Подзаконски и интерни акти (Статут, етички кодекс, деловници за работа на органите), Правилници (правилник за работа на комисии, дежурства на наставници, правилник за работно време итн.)
- Наставни планови и програми за основно образование
- Концепција за деветгодишно образование
- Нова концепција за основно образование
- Статут на училиштето
- Програма за развој на училиштето, програма за работа на директор, стручни соработници, стручни активи
- Програмата за работа на училиштето од претходната година
- Извештаи (Годишен извештај на училиштето од претходната 2025/26 учебна година, извештај од интегрална евалуација, извештај од самоевалуација, извештај за финансиско работење на училиштето, записници итн.)

## 28.АНЕКСИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

Во прилог на Годишната програма за работа на училиштето, дополнително се изработени прилози, односно анекси кон Годишната програма на училиштето и тоа следниве:

1. Годишна програма за работа на директор;
2. Годишна програма за работа на педагог;
3. Годишна програма за работа на психолог;
4. Годишна програма за работа на наставник-ментор;
5. Годишна програма за работа на одделенски актив;
6. Годишна програма за работа на уметничко –спортскиот актив;
7. Годишна програма за работа на општествено- јазичен актив;
8. Годишна програма за работа на природно- математички актив;
9. Годишна програма за работа на библиотека;
10. Годишна програма за работа на Наставничкиот совет;
11. Годишна програма за професионална ориентација и кариерен развој;
12. Годишна програма за советување на родители и ученици;
13. Годишна програма на активности за спречување на насилство и дискриминација;
14. Годишна програма за изведување на екскурзии;
15. Годишна програма за работа на Училиштниот инклузивен тим;
16. Годишна програма за работа на тимот за професионален развој на наставен кадар;
17. Годишна програма за антикорупција во образованието;
18. Годишна програма за меѓуетничка интеграција;
19. Годишна програма за работа на Еко одборот;
20. Годишна програма за работа на Новинарски клуб;
21. Годишна програма за работа на училиштниот парламент;
22. Годишна програма за работа на Совет на родители;
23. Годишна програма за работа на Училишен одбор.

с.Ерџелија, 2026год.

М.П.

Директор

Драгица Јованова

________________________

Претседател на училишен одбор

Мартина Мастева

М. Мастева ____________

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
"Даме Груев"
Бр. 02-232/3
13.07. 2026 год.
с.Ерџелија Св.Николе

Врз основа на член 49 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25), член 14 од Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основните училишта бр.18-6579/1 од 06.07.2020 година, Училишен одбор на ООУ„Даме Груев" с.Ерџелија Свети Николе на седницата одржана на ден 13.07.2026 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишна програма за работа на ООУ„Даме Груев" с.Ерџелија Свети Николе за учебната 2026/2027 година.
2. Одлуката влегува во сила од денот на нејзиното донесување.

**Претседател на Училишен одбор**

М. Мастева

---

**Мартина Мастева**